

Германија најави план за обнова тежок 130 милијарди евра

Ангела Меркел ќе ја спасува и македонската економија

страница 8

Фотографија **Profimedia** ↑



Критики кон Белата куќа од земјите со најслабо поведение за човекови права

Духовите од Тјенанмен надвиснаа над Трамп

страници 10-11

Интервју со **Благој Ламњов**, кларинетист

Благородниот звук на кларинетот го привлече за цел живот

страници 16-17

Грција не воведува забрана за влез од Македонија



Покрај вирусот расте и заразата со лажни вести

страница 3

Верските власти им ги мрсат конците на државните

Малку беше ифтар, сега и Задушница ќе прави пуздер!

страница 2

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918 9 771857 891004

Скерлев

Карантинска катарза



Грчев

На изборите ќе победиме, но ако се распишат - ќе бојкотираме!



УВ-индекс

8–9

многу висок ризик

Времето денеска

Скопје	14	26
Охрид	11	21
Битола	10	23
Маврово	6	16

ПЕТОК-НЕДЕЛА 5-7 ЈУНИ 2020 | Број 1975 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

Мото на Чулев: Слушај што зборувам, не гледај што правам!



Карикатура **Наташа Костовска** →

Хроника

Неодговорноста на Бујар Османи и на поранешната и сегашната Исламска верска заедница, кои направија огромен притисок за да се отворат џамиите за Бајрам, се главните виновници за оваа ситуацијата. Тие што сакаа да печалат политички поени, а ИВЗ и материјални добивки, треба да се чувствуваат сега одговорни.

Мендух Тачи, претседател на Демократската партија на Албанците

Неодговорност Верските власти им ги мрсат конците на државните

Малку беше ифтар, сега и Задушница ќе прави пуздер!

Етикетирање Отец Стефчо од Скопската епархија на МПЦ за „Слободен печат“ вели дека одлуката да нема можност да се оди во црква и на гробишта е „изживување со народот кој досега ги почитувал препораките“.



← **Струшката литија ја отвори Пандорината кутија, нема кој да ја затвори**

Мирослава Бурнс

Откако Владата забрани да се оди на гробиштата претстојниот викенд и откако воведе полициски час за цело Скопје, од вчеравечер во 21 часот, до понеделник до 5 часот наутро, свештеници на МПЦ велат дека верниците вчера го искористиле слободното движење додека не чукнал полицискиот час за да дојдат во црквите со лепче, пченица и вино, за да им бидат споменати покојните. Инаку, Владата на седница донесе одлука сè до понеделник во 5 часот наутро да се забрани посетата на сите гробишта на територијата на целата држава, освен за погреби.

Отец Стефчо од Скопската епархија на МПЦ за „Слободен печат“ вели дека одлуката да нема можност да се оди во црква и на гробишта е „изживување со народот кој досега ги почитувал препораките“.

- Буквално сме запрепастени од синоќешната одлука на Владата. Слушнавте дека се воведува тридневен карантин. Значи, нема можност да се оди на гробишта, па дури ни во црква. Ние свештениците ќе ги правиме светите литургии во црква, во кои ќе бидат застапени молитвите за покојните. Не ја гледам превентивата во таквата одлука, затоа што еве ги гужвите уште од синоќа и денеска по пазарите и по маркетите, а таман народот почна културно и нормално да се однесува почитувајќи ги заштитните мерки. Сите сме свесни дека ова не е превентива туку изживување со поголемиот дел од народот, кој ги почитуваше сите мерки досега. Верниците почнаа денеска в црква да си носат леб и пченица за да им бидат споменати покојните - изјави за „Слободен печат“ отец Стефчо од Скопската епархија на МПЦ.

Пред да се донесе одлуката за забрана на посета на гробиштата, од Светиот архијерејски синод (САС) на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) апелираа верниците да одат на гробишта со маски и на дистанца, по што Владата веднаш наложи да се затворат гробиштата целосно, освен за погреби.

Отец Горан Стојчевски од Скопската епархија вели дека утринава во Соборниот храм имало верници што дошле за намена да им оддадат почит на покојните со лепче, пченица и вино и дека свештениците го извеле ритуалот.

- Забрането е движење во полициски час, така што сите што би го прекршиле, би биле казнети. Не ја гледам смислата некој да биде на гробишта викендов. Точно е дека имаше соопштение од МПЦ верниците на гробиштата да носат маски и да се на дистанца, но тоа беше дадено еден ден пред да се одлучи дека ќе има полициски час. Така што, ние не живееме надвор од државата, туку во неа. Мое лично мислење е дека оние верници што сакаа, можеа да дојдат денеска во црква со лепче, пченица и вино - вели отец Горан.

Забраната на движењето почна синоќа во 21 часот и ќе важи сè до понеделник, до 5 часот наутро. В петок, сабота и недела за градовите во кои нема комплетен полициски час, забраната почнува од 16 часот и трае до следниот ден до 5 часот наутро.

По зголемениот број новодијагностицирани случаи со ковид-19 во земјава и за ефикасно спречување на ширењето на коронавирусот, Владата донесе одлука да се воведе целосна забрана на движењето на сите граѓани во Скопје, во сите скопски општини и во Куманово, Липково, Штип, Карбинци, Тетово, Боговиње, Брвеница, Теарце, Желино и во Јегуновце. Забраната на движењето почна синоќа во 21 часот и ќе важи до понеделник, до 5 часот наутро.

В петок, сабота и недела за градовите во кои нема комплетен полициски час, забраната почнува од 16 часот и трае до следниот ден до 5 часот наутро. Петок е прогласен за неработен ден за сите граѓани. Владата ја донесе оваа одлука во согласност со препораките на Комисијата за заразни болести. Аптеките ќе работат непречено, исто како и здравствените установи. Забраната не важи за полицијата, армијата, здравствените работници, за маркетите и ресторанте што доставуваат производи до дома. Сите дозволи за движење во време на полициски час што беа издадени на почетокот на пандемијата, важат и понатаму. Миленициите може да се прошетаат од 8 до 8.30 часот наутро, од 15 до 15.30 часот попладне и од 20 до 20.30 часот навечер. Забраната за движење не важи за лицата со попреченост и за нивните придружници ако имаат дозволи.

Министерот за здравство Венко Филипче рече дека групирањата, непочитувањето на мерките и неказнувањето, се причина за раст на заболените и враќањето на полицискиот час.

- Овој нов бран е директна последица на непочитување на јасно пропишаните мерки и на задоцнетата или слаба активност за казнување од страна на МВР. Се надевам дека и на последните скептици ќе им стане јасно дека вирусот не е шега. Вирусот нема да замине и сите мора да прифатиме дека е закана за секој што не ги почитува заштитните мерки. И по 100 одржани прес-конференции и илјадници пати повторени апели и пораки, дел од граѓаните одбиваат да ја прифатат реалноста, дека одговорноста е на секој поединец - рече министерот.

Агатангел ги повикува верниците да се собираат во црквите?

• Повардарската епархија, на чело со владиката Агатангел, вчера ги повика православните верници од местата што се под таа епархија в петок и сабота да одат во црквите, бидејќи има забрана за одење на гробишта за Задушница како мерка против ширењето на вирусот.

„Со оглед на новонастанатата состојба во нашата држава, а заради пандемијата со ковид-19, која се однесува на забраната за посетување на гробните места за денот на покојните – Духовденска задушница, се известуваат и повикуваат сите верни чеда на Повардарската православна епархија од сите населени места кои се наоѓаат во нејзиниот состав, во деновите 5.6.2020 (петок) и 6.6.2020 (сабота), во периодот од 8 до 14 часот, да дојдат во храмовите (дворовите на храмовите) и со себе да понесат варена пченица, црвено вино и список со своите претходно упокоени блиски роднини и пријатели“, се вели во соопштението на Епархијата.

Овој повик за масовно собирање на верниците во црквите доаѓа во момент на вонредна состојба и полициски час во целата држава, како и тридневен карантин во најзагроните општини, како и во момент кога епидемијата урива рекорди во бројот на заразени на дневно ниво.

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 4.6.2020 | **Тираж: 3.650 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

Издавач
Друштво за издавање и маркетинг
Слободен печат Доо Скопје
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

Управители
МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ
ДЕЈАН ВОЛФ

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
даночен број: МК4057013522738

Главен и одговорен уредник
ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ

Заменик на гл. и одг. уредник
ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ
Уредници
МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЛЈАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА
Лектор **ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**

Технички уредници
ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА
Фотографија
ДРАГАН МИТРЕВСКИ, РИСТЕ ПЕЈОВСКИ
Маркетинг:
МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ 078 337 388
АНЕТА ПАРМАЧКА 071 744 688

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
Бобан Шошкиќ
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
Колпортер доо
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

Правен застапник: Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

Загрижувачко Епидемијата со вирусот ковид-19 не се смирува, напротив

Поставен неславен рекорд, во еден ден 120 новозаразени!

На Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби почина 65-годишна пациентка примена на 28 мај, во ГОБ „8 Септември“ почина пациент на возраст од 69 години, хоспитализиран на 1 јуни.



Фотографија **Слободен печат / Драган Митрески**

120 **е вкупната бројка на ковид-19 дијагностицирани во нашата земја од почетокот на епидемијата до денес**

Во последните 24 часа, до вчера напладне, се направени 953 тестирања, а регистрирани се 120 нови случаи со ковид-19, и тоа во: Скопје 67, Куманово 19, Штип 16, Прилеп 4, Тетово 9, Велес 2, Гостивар 1, Неготино 1, Струмица 1. Институтот за јавно здравје вчера регистрира 16 оздравени пациенти: во Скопје 8, Штип 3, Прилеп 2, Тетово 1, Велес 1, Битола 1.

Починати се две лица од Тетово, соопшти Министерството за здравство. На Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби почина 65-годишна пациентка примена на 28 мај, во ГОБ „8 Септември“ почина пациент на возраст од 69 години, хоспитализиран на 1 јуни.

Вкупната бројка на ковид-19 дијагностицирани во нашата земја од почетокот на епидемијата изнесува 2.611, бројката на оздравени пациенти е 1.621, на починати е 147, а во моментов бројот на активни случаи во земјата изнесува 843. Вчера по завршување на епидемиолошките анкети, утврдено е дека еден од позитивните тестови од Скопје е контролен, две лица регистрирани во Скопје се од Велес, едно од Берово.

Според тоа, последната дистрибуција по градови е следна, во Скопје има вкупно 1.050, случаи, од кои активни се 451, во Куманово 500, а активни 85, во Прилеп 217, активни 32, во Тетово 245, активни 88, во Штип 127, активни 89, во Велес 137, активни 31 и во Струга 90, од кои активни случаи се 18. Другите градови во земјава имаат далеку помалку случаи.

Досега во земјата се направени вкупно 33.114 тестирања на ковид-19. Од вкупниот број 953 направени тестови во изминатото денонoќие, два теста се во рамките на скринингот во градинки во Штип, но нема позитивен резултат на ковид-19.

На Инфективната клиника во изминативе 24 часа се примени тројца нови пациенти, а се хоспитализирани вкупно 47 пациенти. Од нив, 19 се потешко болни и на кислородна поддршка. До изутрината во ГОБ „8 Септември“ се примени двајца нови пациенти, а вкупно се хоспитализирани 27 пациенти. На респираторна машина се осум, а со потешка клиничка слика се уште пет пациенти.

Во болницата во Битола се хоспитализирани 10 пациенти, а на домашно лекување преку болницата се следи еден пациент. Во болницата во Штип се хоспитализирани 16, а на домашно лекување преку болницата се следат девет пациенти. На инфективните одделенија во Охрид, Велес, Куманово и Прилеп се хоспитализирани 27 пациенти – позитивни и сомнителни на Ковид-19, стои во соопштението од Министерството за здравство.



Демантирано Грција не воведува забрана за влез од Македонија

Покрај вирусот расте и заразата со лажни вести

Извинување За жал, „Слободен печат“, поради природата на работата на печатениот медиум, не успеа навреме да ја провери и да ја демантира, односно воопшто да не ја објави оваа дезинформација, за што искрено им се извинуваме на читателите.




Το υπουργείο αρμόδιων υποθέσεων για την Ελληνική Δημοκρατία απαγορεύει την είσοδο στη χώρα για τους πολίτες των αλβανικών κοινοτήτων στη Βόρεια Μακεδονία έως την 1η Ιουλίου. Η αστυνομία συνήθειας και συνόρων ενημερώνουν επισήμως ότι οι κάτοικοι των ακόλουθων κοινοτήτων δεν μπορούν να εισέλθουν στην Ελληνική Δημοκρατία έως ότου ανακοινωθεί η άλλη απόφαση: Tetovo, Cair, Butel, Saraj, Lipkovo, Kumanovo, Tearce, Studenicani, Shuto Orizari και

↑ **Фалсификаторите не штедат труд**

Неколку македонски медиуми, меѓу кои и „Слободен печат“, вчера објавија дезинформација, лажна вест, дека грчкото Министерство за надворешни работи воведува забрана за влез на граѓани од Македонија со живеалиште во општините со најголем број новозаразени од коронавирусот.

Информацијата се повикуваше на наводно официјално соопштение на грчкото министерство за надворешни работи, заедно со принт-скрин (фотографија) од официјалната веб-страница на истото министерство, со печат и лого на министерството. Тоа придонесе веста да биде пренесена од повеќе интернет-медиуми и брзо да се искачи на прво место кај популарните агрегатори на вести и со тоа да достигне значителен број прегледи и читања, пред да биде демантирана со официјално соопштение од македонското МНР.

За жал, „Слободен печат“, поради природата на работата на печатениот медиум, времето на нејзиното појавување и роковите до затворање на весникот, не успеа навреме да ја провери и да ја демантира, односно воопшто да не ја објави оваа дезинформација, за што искрено им се извинуваме на читателите.

Оваа непријатна епизода уште еднаш покажува колку сериозно и посветено се води војната со дезинформации и лажни вести, со најсомнителни и мрачни мотиви, во моменти на светската криза со коронавирусот. Македонија е една од земјите каде што функционираат групи што систематски се занимаваат со „производство“ и дистрибуција на лажни вести, чија цел е ширење на теории на заговор и дезинформации поврзани со вирусот ковид-19. Такананаречените „фарми на тролови“, од Северна Македонија и од Филипините неодамна беа посочени како најактивни и најорганизирани во објавувањето лажни вести во врска со коронавирусот. Американскиот сервис Си-ен-би-си деновиве објави дека Фејсбук ги отстранил страниците на нарачателот на работата на таквите мрежи платеници.

„Фармите за тролови“, односно организирани групи, чија цел е преку координирани активности да промовираат одредени пораки на социјалните мрежи, се присутни повеќе години во Македонија. Тие најчесто се користат за креирање лажни претстави, со цел влијаење врз јавното мислење со политички цели, но работат и од комерцијални мотиви. Пред неколку години вниманието на светската јавност го привлече приказната за организираната група од Велес, која активно учествувала во војната со дезинформации за време на претседателската кампања во САД. Новинарски истражувања пишуваа дека во 2015 година во земјата престојувала и Ана Богачева, за која се тврди дека е експертка за креирање вакви „фарми“ од Русија и дека е дел од мрежата на озлогласената Агенција за истражување на интернет во Санкт Петербург.

Новинарските истражувања покажуваат дека одредени групи кои се дел од мрежите на „тролови“ од Македонија, комбинираат работа за политички цели со комерцијална пропаганда, обидувајќи се да заработат од огласи наменети за публика од странство, или служејќи како платеници за промовирање други типови содржини како теориите на заговор против вакцинирањето. Неодамна и Светската здравствена организација предупреди дека, покрај со ковид-19, светот се соочува и со вирусот на лажните вести и ги повика властите на поенергична борба против нив.

За кршење на мерките за заштита од коронавирусот.

Кривична за „Винотека“ на Боемска, истрага за боемот Мицкоски

Заклучени На инспекторите повеќе од два часа не им било дозволено да влезат во внатрешниот дел на објектот, па затоа морале да побараат асистенција од полицијата.

Ресторанот „Винотека“ на улица Боемска во скопската населба Дебар Маало доби кривична пријава од Државниот пазарен инспекторат затоа што во него како гостин во затворениот дел, спротивно на препораките за заштита од коронавирусот, престојувал лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, против кого сега се води истрага за негова евентуална кривична или прекршочна одговорност.

Првиот човек на Државниот пазарен инспекторат Стојко Пауновски вчера изјави дека на инспекторите повеќе од два часа не им било дозволено да влезат во внатрешниот дел на објектот, па затоа морале да побараат асистенција од полицијата.

- Против правното лице веќе е преземена прекршочна санкција за оневозможување службени лица во извршување службена должност, бидејќи ресторанот извршувал угостителска дејност и во внатрешниот дел, за што инспекторите имаат и докази. Денеска е поднесена и кривична пријава според членовите 205 и 206 од Уредбата на нашата држава. Против физички лица не преземаме никакви санкции - рече Пауновски.



Началникот на СВР Скопје, Ристе Ставревски, вчера изјави дека прво треба да се докаже дека Мицкоски бил во затворениот дел на угостителскиот објект и, ако е така, да се поднесе кривична пријава. Тој вели дека се чека судска наредба која е побарана од БЈБ за обезбедување на снимките од безбедносните камери на објектот.

Инспекторката Мери Продановска, која ја предводела инспекцијата, изјави само дека „станува збор за лидер на политичка партија“.

Мицкоски на својот фејсбук-профил напиша дека му е жал што неговата средба со познајници во една скопска кафеана „станала тема“.

- По два и пол часа седење пред објектот, во меѓувреме излегоа уште две лица, кои ние не можевме да ги легитимираме, ниту ги препознаваме. Влеговме во објектот, ја утврдивме фактичката состојба. Празен беше по два и пол часа. Но, има елементи каде што се гледа дека се вршело дејност внатре. Кујната беше со храна, имаше чинии, корпата беше полна со отпадоци, со шишиња - вели инспекторката Продановска.

По настанот лидерот Мицкоски на својот фејсбук-профил напиша дека му е жал што „станала тема“ неговата средба со познајници во една скопска кафеана.

„Човечки е да се згреши и не сум лицемер што едно говори пред камерите, а друго зад нив. Сакам да демантирам дека имав каков било контакт со кој било од државната инспекција или органите на државата. Тоа се измислици за да се потхрани дефокусирањето на јавноста“ - напиша Мицковски.

Овој инцидент вчера го коментираше и СДСМ.

- Мицкоски, како не ти е срам? Како не ти е срам! Твоето вчерашно однесување е директен доказ зошто се соочуваме со втор бран и дека тоа е од непочитување на мерките и неказнување од МВР, а не зашто Владата нема добра стратегија. Нашата стратегија не е проблемот, проблемот е што ти и твоите послушници во МВР цело време намерно и организирано ја саботирате - изјави портпаролот на СДСМ, Костадин Костадинов.

Обвинителство.

Отфрлена пријавата за кумановскиот градоначалник

• Кумановското јавно обвинителство ја отфрли кривичната пријава против градоначалникот на Куманово Максим Димитриевски и раководителот на ЦУК во Куманово, Горан Стојановски.

По разгледување на наводите од кривичната пријава, во која се товарат дека и покрај решението за самоизолација отишле на тестирање во Скопје, ОЈО констатирало дека пријавените имаат право на второ стручно мислење за сопствената здравствена состојба, што е согласно со член 9 став 1 од Законот за заштита на правата на пациентите.

- Имајќи ги предвид сите преземени дејства на пријавените, начинот на кои ги преземале и особено околностите во кои тие биле преземени, Обвинителството утврди дека сосема е неспорно дека пријавените за време на епидемија на заразната болест не постапиле спротивно на ниту еден пропис или наредба со кои се определуваат мерки за нејзино сузбивање или спречување - се вели во решението за отфрлање на кривичната пријава.

Приведени двајца угостители поради кршење на мерките за заштита

• Двајца сопственици на угостителски објекти во Тетовско се приведени завчера вечерта откако гости се забележени во внатрешноста на нивните локали, а воедно немале поставено маски соодветно на протоколите за работа во време на пандемија. Тие се откриени во заедничка акција на полицијата со Државниот пазарен инспекторат при што се извршени контроли на вкупно 31 објект.

Полицијата за неносење заштитни маски поднела 56 прекршочни платни налози. Нови решенија за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат им се изготвени на вкупно 63 лица, додека вкупно биле контролирани 352 лица со вакви решенија. Изјави за самоизолација потпишале 12 лица, а биле контролирани 73 лица.

Во денешното македонско општество славата најчесто не им припаѓа на тие „со одличен успех и примерно поведение“. Македонија станува се‘ повеќе земја на полуписмени и на културни аналфабети.

Кица Колбе

Плато

На изборите ќе победиме, но ако се распишат - ќе бојкотираме!

Мирослав Грчев
архитект и професор



mail miroslavgrcev@gmail.com

Нивната политика е најглупавата и најзла партиска политика откога постои светот и накусо гласи вака: избори не смее да има додека државата ја држи корона катастрофата под контрола. И уште: на изборите сигурно ќе победиме, но ако се распишат – ќе ги бојкотираме!

Само две работи се бесконечни - вселената и човечката глупост, но за првата и не сум баш сигурен. Оваа неброено пати цитирана изјава на Ајштајн, човекот врз чијашто интелигенција и имагинација се темели целокупниот денешен светоглед на човештвото, содржи во себе вистински епистемолошки парадокс. За она за што знаел најмногу - за универзумот - Ајнштајн покажува несигурност, додека за безмерната, недофатлива и необјаснива глупост, за којашто имал најмалку лично искуство, генијалниот ум манифестирал сигурност која се граничи со религиозност. Генијот сепак морал болно да се судри со несомерливо темното пространство на глупоста за да ѝ се поклони со толкава понизност и стравопочит. Си мислам, да го живеел 21 век, и покрај неговата интелектуална супериорност, Ајнштајн би бил шокиран од пандемијата на глупост што ја зафати планетата, а безбели, нејзините дострели во Македоња Вечна сосем би го парализирале овој умствен гигант.

Најстарата дефиниција на глупоста му се припишува на грчкиот филозоф Теофраст, некаде во преодот од 4-от во 3 век пред нашата ера, при што глупавиот е дефиниран како „спор во мислата, говорот и дејствувањето“. Очигледно дека Теофраст немал искуство со феноменот ВМРО-ДПМНЕ, кој е доказ токму на спротивното, дека вемерето зборува глупости и пред да ги смисли, и дејствува секавично и секогаш на најглупав можен начин. Очигледно дека класичната грчка филозофија немала искуство со разулавената глупост со која ВМРО ја плави нашата секојдневница. Но, Џејмс Уелс во неговото дело „Разбирање на глупоста“ тврди дека „поимот треба да се употребува за означување на состојбата на свест што себеси се смета за информирана, но со јасни намери што се сосем неприлагодени на стварноста. Уелс инсистира на разликувањето помеѓу глупоста и незнаењето, зашто навистина глупавиот морал да знае дека дејствува во корист на сопствената штета и дека глупавиот акт мора да биде слободен избор, а не чин на присила или несреќен случај.

Со полна свест и намера штеточинат и глупочинат

И тука стариот Џејми нè доведе поблиску до разбирањето на феноменот на вмровската несомерлива глупост: што и да смислат, изговорат или направат, тоа мора да биде најштетниот и најглупавиот избор за нив. А, бидејќи вмровската свест по дефиниција се идентификува со македонската држава, тоа автоматски го објаснува вмровското инхерентно антимакедонство. Бидејќи, кутрите, сметаат дека сите Македонци се ВМРО, а партијата е држава, тоа значи дека единствениот модус вивенди на ВМРО е секогаш да се прави најглупавиот и најштетниот избор за македонската држава, култура и „пучанство“.


Меѓутоа, додека Уелс претпоставувал дека за вистинската глупост чинот на слободниот избор е основна премиса, значи дека глупавиот треба слободно, со предзнаење и намера (со полна свест и без присила) да ја избере најглупавата и за него најштетна опција, тоа за вмровците практично не е целосната вистина. Да, тие со полна свест (ако е поимот воопшто применлив за вмро) и намера штеточинат и глупочинат, но тие се длабоко уверени дека тоа не е по нивен избор, туку дека тие се во света мисија, целосно посветени и пожртвувани, водени од Господ Бок Лично, да ја претворат Македонија во уште побиблиска земја, потопувајќи ја во нивната глупост од библиски пропорции.

Еден друг научник нурнат во изучување на бездната на глупоста, рангирајќи и категоризирајќи ја глупоштијата од различни видови, не приближува уште повеќе до разбирањето на вмровската глупост. Кај Ленокс незнаењето е невино и со него сите се соочуваме секојдневно. Глупавоста, меѓутоа, се појавува кога актерот ја лаже околината за тоа колку не знае, однесувајќи се како да знае. Особено изразената глупавост се состои во криење на размерите на сопствената глупост дури и од себеси, а криминалната глупост претпоставува наметнување на сопствената глупост на други. Забележувате, почитувани читатели, дека вмровската глупост ги содржи сите градации на глупоста, а за остварување на последиот степен - криминалната глупост - тие ги злоупотребија институциите на македонската држава и цела деценија и кусур го заглупуваа целото македонско општество.

Избор на нови непостоечки стручњаци од непартиското ВМРО!?

И, никогаш вмрото не промашува, нивниот избор не е само најглупавиот, туку и најштетниот за Македонија, тоа е секогаш најекономичниот потег со најмалку напор да се направи најголема штета. Трите години во опозиција го опструираа парламентот да носи реформски закони, ја парализираа целата државна администрација, а најмногу судството и обвинителството, што заврши со нивното ремек-дело: уништувањето на специјалното обвинителство. Кога пандемијата го навјаса светот и кога единствената човечка реакција беше деполитизација и здружено мобилизирање во организиран државен и народен одговор на природната катастрофа, тие почнаа хистерична политичка кампања на ширење на сомнеж, паника, прикажувајќи ја здравствената политика на Владата како политичка кампања. Сега, кога ни се заканува пролонгирање на кризата заради загрижувачко непочитување на здравствените мерки, одговорот на ВМРО е најштетниот и најзлиот што е можно. Тие предлагаат да се распушти експертското тело, здравствено-епидемиолошката комисија што ја советува Владата за неопходните здравствено-заштитни мерки, за да се пристапи кон избор на нови непостоечки стручњаци од непартиското ВМРО!? Најекономичен чекор со најмалку напор да се произведе најмногу хаос и најмногу штета, болест и умирачка!

Оваа група на зловести глупаци ја искористуваат планетарната здравствена какаклизма во свои теснопартиски цели и ја повикуваат заразата да донесе повеќе хаос, несреќа и смрт, што ќе им помогне да се дофатат до власта. Плашејќи се од избори како ѓавол од крст, тие непогрешно ја бираат најштетната опција за сите нас, а тоа е политиката - колку полошо за земјата, толку подобро за ВМРО. Колку повеќе ковид-19 болни, толку повеќе шанси за одлагање на изборите. Колку подолго е Македонија без парламент и без влада со полн капацитет и легитимитет, колку се поголеми шансите за хаос и незадоволство во земјата, толку се поголеми се шансите на ВМРО да профитираат од сенародната несреќа. Нивната политика е најглупавата и најзла партиска политика од кога постои светот и накусо гласи вака: избори не смее да има додека државата ја држи корона катастрофата под контрола. И уште: на изборите сигурно ќе победиме, но ако се распишат – ќе ги бојкотираме!



↑ Илустрација **Арон Тили**

Плашејќи се од избори како ѓавол од крст, тие непогрешно ја бираат најштетната опција за сите нас, а тоа е политиката - колку полошо за земјата, толку подобро за ВМРО. Колку повеќе ковид-19 болни, толку повеќе шанси за одлагање на изборите. Колку подолго е Македонија без парламент и без влада со полн капацитет и легитимитет, колку се поголеми шансите за хаос и незадоволство во земјата, толку се поголеми се шансите на ВМРО да профитираат од сенародната несреќа.

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

Викенд на мртовци, а не е комедија

Досега, државата бираше да се обраќа со апели и да не спречува и да казнува и кога имаше поводи за тоа. Таква ни е државата, особено оваа „техничкава“: сите калкулираат со гласовите (и) на верниците. Таа лекција - „после сто прес-конференции“ - сега за поука со повторен карантин ќе ја платиме. И со „нула толеранција“ за сите што не ги почитуваат протоколите.

Сашо Ордановски
новинар



mail: contact@pecat.mk

Така си е: нов полициски час во траење од три дена што ќе важи во голем дел од земјата. Има многу налутени, но не би требало да има премногу изненадени. Што сме дробеле, тоа ќе сркаме - ова е намерно кажано во множина, бидејќи епидемиите, по дефиницијата на својата заразност, ја користат шансата на „поединечниот“ плурал, според кој и однесувањето на неколкумина може да го доведе во прашање здравјето на многумина. Сега веќе тоа на сите би требало да им е јасно. А - неверојатно - уште не им е.

Она што е ново, е експлицитната забрана за верските посетувања на гробиштата во очи на претстојниот православен „викенд на мртовци“. Секогаш кога пишувам за општествените аспекти на верата и верниците, гледам внимателно да избирам зборови, бидејќи иако самиот не припаѓам на ниту едно верско движење, го респектирам правото на други кои сакаат да веруваат во различните форми и патишта до задгробниот живот. Па, сепак, повторно се наоѓам зачуден од недостатокот на (институционална?) емпатија кај најголемите верски деноминации во државава кога помеѓу верските ритуали и здравјето на верниците, секогаш ги преферираат ритуалите, наместо здравјето.

Да направам една груба паралела: ако развојот на медицината сè повеќе се занимава со тоа како да не се разболите за да не мора да се лекувате; за очекување е дека и на верските организации би требало да им е поважно како да ви ја одржуваат вербата, наместо да ве погребуваат. Таа базична општествена дихотомија - медицината повеќе да се грижи за телото, а верата за душата - би требало да подразбере дека, иако и двете „дејности“, на свој начин, се во „бизнисот на лопатата“, неизбежниот мортален исход треба да е опција само откако ќе се исцрпат сите други можности за телесен спас на здравствените и верските „пациенти“. За да има смисла занимавањето со состојбата на нивната душа.

И, сепак, не: како што ИВЗ не се откажа од групни молитви по џамиите и ифтарски вечери, така ни МПЦ не се откажа од лажичињата, литиите и посетите на црквите и гробиштата. Формално повикуваат да се следат упатствата пропишани во здравствените протоколи, но видел ли некој градски или селски поп и оџа со маска на лицето? Зошто би било тоа против верските протоколи? А замислете колку би била силна таа симболична порака! Потоа броењето на нови заразени кластери ѝ го препуштаат на секуларната држава. Плус, на државата можете да ѝ побарате оставки, формална поединечна или групна одговорност, можете да ја казните или да ја наградите на гласање, при избори (еве, овој јули)...

Ова НИКАКО не значи дека само нашите верски институции се виновни за новиот бран заразени. Кога би имало епидемиолошка графа со прашање за

Ненад Јовановиќ
активист



mail: contact@pecat.mk

Што е тоа политика, а што се тоа избори

Ние денес не може да го одвоиме прашањето за политиката од изборите. Што тоа би можело да значи, односно како може да разграничиме што е тоа политика, а што се тоа избори?

Ако сте го читале новото интервју на Франсис Фукујама, ќе видите дека времето по пандемијата сосема поинаку ќе изгледа, границите ќе бидат отворени, слободата на движење нема да биде потполна, а многубројни права ќе мора повторно да ги браниме, од слободата на собири, до заштита на приватноста. Кога ни се вели, „момент кога ограничувањата нема да се применуваат“, се мисли на ограничување на човековите права кои се значајни за изборниот процес; исто така важно ќе биде она што се нарекува „слобода на изразување, слобода на собирање и право на безбедност“. Овие права, „шурнав“ малку низ европските документи, мора комплетно да бидат почитувани во текот на целиот предизборен процес, тоа од нас го бара Советот на Европа и Венецијанската комисија.

Не е возможно сите да стапат на сила, тоа е саморазбирливо. Затоа што откако стапи на сила попуштањето, техничката влада зборува за заштита на населението од заразни болести како добар механизам за управување со кризата. Се разбира, во соработка со сите институции, како на локално, така и на други нивоа на власта. Сето тоа, со јасен предзнак на Собранието - значи дека 5 јули е важен изборен датум - за да се воспостави законодавна власт која ќе мора со својата контролна моќ да ни донесе легитимни институции, суверена и политичка влада. Не само домашната јавност, тоа го бараат и странците, пред сè, мислам на Американците и на официјален Брисел.

Да не заборавиме, од нас се бара непречен изборен процес, бидејќи нашата земја денес има многу поголема тежина во Европа и светот одошто вчера. Влезот во НАТО, сè поизвесниот датум за преговори со Европската Унија, создава уште поголема одговорност за сите нас. Во време на масовна пандемија, најважно ќе биде одржувањето на демократските избори, а со самото тоа ќе биде многу важно да се сочуваат човековите права, а особено слободата на говорот. Оттука, уште еден важен елемент: потребна е мирна политичка клима.

Ако ги погледате европските практики и вредности, ќе видите дека дијалогот за изборен датум за одржување на парламентарните избори мора да дојде од лидерот на најмоќната партија во земјата, притоа, самиот Заев покажува карактер и државно единство: го одреди јасно датумот 5 јули, што значи дека беше конкретен и уставотворен. И тоа беше официјално кажано на прес-конференција. Таквиот повик стигна ѝ до сите политички актери, пред сè, до оние опозициските. Што значи, а тоа не знам дали опозицијата може да го разбере, кога се одредува според Устав јасен датум за избори, така се заштитуваат сите политички актери, сите политички партии и движења - и се оди на избори. Државата има одговорност да ги заштити сите политички актери кои ќе учествуваат во изборниот процес, а тоа не се само домашните, туку и странските набљудувачи.



Или со други зборови, од денес натаму потполно ќе се одмрзнува изборниот процес, што значи дека добро се промислило за сите аспекти од изборите? Сега треба да спроведат кампањите како што го најавуваат здравствените работници: со маска и определена дистанца од два метра. Треба да се обмисли и процесот во кој ќе се гарантира заштитата на еден и пол милион гласачи кои по голем период на карантин и изолација, ќе излезат на своите бирачки места.

Ви реков погоре, не знам колку опозицијата е свесна за денешната ситуација, не знам колку се свесни за овие изборно-политички содржини кои ги проблематизирам погоре во текстот. Пред некој ден, еден човек, политичка личност, ми вели, „народот не ги сака ВМРО-ДПМНЕ“, не рече дека е лудо вљубен во СДСМ, но потенцираше дека нема никаква упоришна точка во опозицијата. Што значи дека тие луѓе не му се обраќаат нему, дури ми вели, а притоа добро забележува, „ВМРО-ДПМНЕ не знае која е нивната политичка целна група“. Се обраќаат на сите, се обраќаат секому, а всушност не се обраќаат никому. Тоа може да ни каже само едно: дека немаат своја политика и дека не умеат

Од нас се бара непречен изборен процес, бидејќи нашата земја денес има многу поголема тежина во Европа и светот. Во време на масовна пандемија, најважно ќе биде одржувањето на демократските избори, а со самото тоа ќе биде многу важно да се сочуваат човековите права, а особено слободата на говорот. Оттука, уште еден важен елемент: потребна е мирна политичка клима.

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА", НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

активната верска припадност на инфицираните, бројката на „безбожници" веројатно би доминирала над бројката на верници - секој од нас би можел да се најде во тие графи поради „плуралната" природа, од почетокот на овој текст, на епидемиите.

Но треба да се знае кој можел, а не се потрудил, ни на институционално ниво, ефикасно да помогне во неширењето на заразата. Бидејќи, ако не помагаш во неширење, тогаш помагаш во ширење - Младоженецот речито се потруди да одмага, а поглаварот на православните тоа го прави со комплетен молк, мислиш е во егзил на Света Гора, препуштајќи ја својата паства на речникот на оној политички провокатор во владичка мантија.

Досега, државата бираше да се обраќа со апели и да не спречува и да казнува и кога имаше поводи за тоа. Таква ни е државата, особено оваа „техничкава": сите калкулираат со гласовите (и) на верниците. Таа лекција - „после сто прес-конференции" - сега за поука со повторен карантин ќе ја платиме. И со „нула толеранција" за сите кои не ги почитуваат протоколите.

Ни партија, ни мантија!

да стигнат до своите традиционални гласачи.

Сега ние имаме граѓани кои се излезени од епидемија, кои, се разбира, како и сите граѓани на светот имаат животни проблеми: како да се вратат во колосек, како да ја вратат својата работа, како да плаќаат долгови, кредити, деца, градинки, училишта... И имате опозиција која наместо да се занимава со овие проблеми, тие се занимаваат со Заев и со себе. Следствено, имате граѓани кои со право ќе ви речат: „извини, кога ќе дојдам јас на ред"?

Нема што ВМРО-ДПМНЕ да му се лути на СДСМ, денес граѓаните се држат до СДСМ. Зошто, ќе речете. Заев денес зборува за економија, поттикнува економски аранжмани, се занимава со елементарни човечки прашања кои живот значат, мисли за тие граѓани, нуди алтернатива. Значи, ја имате СДСМ која се занимава со прашања кои се од животен интерес на граѓаните, ВМРО-ДПМНЕ, пак, се занимава со нејасни и неодредени теми, па уште се прашуваат „како Заев добива гласови, а ние не добиваме"? Се разбира дека нема да им веруваат, добро забележува мојот пријател кој е традиционален гласач на десницата, оти штом не се занимавате со важни политички прашања, и имате толку многу „путер на глава" затоа што милион пати сте излажале, попатно сте се збогатиле преку функции, немојте да се чудите што не ви веруваат.

На крајот сакам да кажам дека дотука, каде што стигнавме како држава и граѓани, тоа не ни падна од небо. Се помачивме „својски". Верувам во добриот исход на изборите, или што би рекол сер Винстон Черчил: „перманентен труд, а не сила и интелигенција, е клучот со кој ќе ги отвориме нашите можности".

Жанета Скерлев
новинар



mail: contact@pecat.mk

Карантинска катарза

Борис Џонсон кажа дека вирусот тука е под контрола, го потпуштија малку режимот на изолација, некои деца тргнаа на училиште... Во прашање е менталното здравје на луѓето по 11-неделната изолација. Британците во најголем број беа мошне исполнителни и се придружуваа до мерките. Чекам да видам што ќе биде за десетина дена, кога ќе се отворат поголемиот број продавници. Дури тогаш ќе има масовки!

Ми беше мене нешто сомнително уште во март, уште кога се враќавме од Скопје за Лондон, со „Визер", нормално, а речиси никој во авионот не носеше заштитни маски. Освен нас, се разбира, и дечкото до нас. И така, си седевме ние тројцата во редот 23 а, б и ц, јас до прозорецот, маж ми, безмалку двометарска жртва на средното седиште со нозете речиси во брадата, и еден дечко на крајот, кој уста не отвори (нормално, маска носеше, ама сепак) до Лондон. Ние, „светата тројца" стигнавме во Лондон првата недела од март и нашето маскирано стигнување на Лутон беше овековечено од Елеонора, мојата несудена колешка која оправдано реши да стане режисерка, и тоа исклучително успешна. Е сега, да ја скратам долгата реченица... Елеонора која го чекаше истиот лет за Скопје, нè сликаше на излез, така ние на пистата уште со маските, како одиме кон влезот за царинска и пасошка. „Ептен шизици сте", ни напиша кога ни ја прати фотографијата. Ете, на почетокот на јуни, уште сме шизици. Во „Маркс и Спенсер", во „Вејтроуз" и во „Теско", нема поголеми шизици од нас, а покрај погореспоменатите самопослуги, такви сме и во аптеките каде што нè примаат со радост, откако ќе почекаме на два метра растојание со преостанатиот плебс и ќе влеземе да поткупиме и што треба и што не треба за да се размрдаме малку меѓу свет.

Ама стигнавме, ние двајцата шизици, и по извесно време чекање и препотување (уф, пак ли ќе имаме „ситуација" со жолтото сирење, тука е забрането внесување млечни производи, за месни и да не зборуваме, забрана која јас редовно не ја почитувам), поминавме, без мерење температура, без проверки, без ништо. За разлика од оние несреќници на кои им ги фатија штеките цигари, главно „марлборо лајт", па останаа зад нас и најверојатно уште беа таму, додека ние дома го јадевме вареното ќеврече со путерче и жолто сиренце (класичен словенски деминутив), и покрај моето инсистирање да потпричекаме и да ги оставиме за „црни носталгични денови". Тоа сирењето, зашто секој познавач знае дека бајатото варено ќеврече е во најмала рака забокршач или во крајна нужда - убоито оружје.

Единечни шкафчиња и дупли бургери

Но да стигневме сега, ќе го грицкавме ќевречето забокршаче цели 14 дена. Тукушто го доледавме премиерот Борис Џонсон на прес-конференција како ни кажува дека од понеделник, сите што доаѓаат во земјата британска, ќе треба да останат во карантин две недели! Сега. Во јуни. На доаѓање ќе треба да пополнат картонче кое ќе им го проверат со личните документи (да не се случи некој „гизер" да се прави мангуп, па да даде погрешна адреса), потоа да се самоизолираат, при што ќе бидат проверувани телефонски, а можеби и лично од полицијата. Оние кои ќе го прекршат правилото ќе бидат казнети 1.000 фунти. Зошто сега, зошто не уште тогаш во март, како и сите други, прашаа пратениците на пратеничките прашања, новинарите на пресот и маж ми и јас од топлината на својот дом.

Ситуацијата е следна. Досега од ковид-19 починаа 40.000 луѓе. Заводот за статистика вели дека бројката е поголема. Владата вели дека тестира околу 200.000 луѓе дневно на коронавирус, но ете го пак заводот за статистика кој вели дека ќе да се околу 100.000 зашто некои тестови се броеле двапати - еднаш кога се земале, а уште еднаш кога стигнувале резултатите што, нели, не треба да се важи. Новиот систем за наоѓање и следење на заразените пак е моментно во фаза - турни ме да кинисам.

Борис Џонсон ни кажа дека вирусот тука е под контрола, го потпуштија малку режимот на изолација, некои деца тргнаа на училиште, плус видовме и сега редици пред „Икеа" и „Мекдоналдс" како трпеливо чекаат за единечни шкафчиња и дупли бургери со чипс. Не оти на народот им затребале нешто единечните и дуплите (освен на некои ептен зависни, но тоа е друга тема), туку во прашање е менталното здравје на луѓето по единаесетнеделната изолација. Британците во најголем број беа мошне исполнителни и се придружуваа до мерките за седење дома и конечно им беше неопходно излегување и „масовки". Чекам да видам што ќе биде за десеттина дена, кога ќе се отворат поголемиот број продавници. Дури тогаш ќе има масовки - најавија дека ќе ги отвораат Примарк, Зара и Х&М!

Коридори за хавајки

Ќе има ревизија на карантинот, ни рече премиерот, ќе има исклучоци за некои (ама не за нас) и ќе го преразгледаат законот за три недели (надеж!). Сето ова за да се намали ризикот од ново ширење на заразата, сега кога, велат, е под контрола. Ризик од новодојдени, туристи и домородно население кое по изолацијата едвај чека да оди на летување во Шпанија, Португалија, Франција, Грција... или еве во Македонија (ние) ама по двете недели „уживанција во Франција" ќе треба да помине двонеделна „карантинска катарза". Па засега, луѓето само гледаат излози на сајтови како деца бонбончиња, никој не уплаќа, никој не купува. За да нè утешат,



нè подлажнуваат со некакви воздушни коридори со земји со низок степен на инфекција. Британци со маички на прерамки, шарени хавајки, фудбалски дресови и апостолки во редици во авиони за Закинтос, на пример, па по две недели назад, црвени и излупени, две недели во карантин?! Нема шанси. Не сакам да бидам како најпознатиот директор на авиокомпанијата „Рајан ер", Мајкл О'Лири, кој одлуката за карантин ја нарече „идиотска", па нема.

На куси патеки, чекам да се отворат ресторaните и баровите. Имам еден, омилен, со тераса, каде што прават одлични коктели. Ама какво е тука времето и додека да го отворат, можно е да се случи да седам надвор со три слоја џемпери (стил кромитче) и да пијуцкам трет „секс он д' бич"... и да планирам како конечно да го напуштам Островот, а да не биде со еден од оние чамците на бегалците кои во помал број, но сè уште од Франција стигнуваат на брегови на Обединетото Кралство.

Економија

Курсна листа 4.6.2020

EUR	1	61.350	61.800	GBP	1	67.300	70.500
USD	1	53.850	56.150	CAD	1	39.800	41.500
CHF	1	55.950	58.300	AUD	1	37.150	38.900

Финансии.

Заменик-министерката уште не става потпис за заемот од Светска банка

• Гордана Димитриеска Кочоска, заменик-министерка за финансии во техничката влада од редовите на опозицијата, завчера во гостувањето на ТВ Алсат потврди дека сè уште не го одобрува со својот потпис заемот од Светска банка од 90 милиони евра.

Димитриеска Кочоска, која и претходно тврдеше дека овој заем не го одобрува затоа што не знае за што ќе се трошат парите, истакна дека не може проектно финансирање, како што вели таа, да се заснова на два листа хартија од Министерството за здравство и од Министерство за труд и социјала. Таа вели дека кога се работи за проектно финансирање, потребно е да се има јасни пресметки врз чија основа ќе се бара заемот.

- Во оваа конкретна ситуација, ние зборуваме за финансирање проекти. Документот ми беше доставен на 28 април и кога го доставија документот, тие имаа еден лист за труд и социјално осигурување за 54 милиони евра и исто така еден за здравствена установа за потребните 34 милиони евра. Тоа беше причината зошто побарав дополнително објаснување за тоа за што ќе се трошат парите. Светската банка може да знае, но не знам. И тука требаше да се спомене повторно дека зборуваме за проект, финансирање на проект и кога имате финансирање на проект треба да имате јасни пресметки за кои ги барате средствата - рече техничката заменик-министерка.

Поврзаност Германија најави план за обнова тежок 130 милијарди евра

Ангела Меркел ќе ја спасува и македонската економија

Присуство Оваа вест е многу важна за македонската економија затоа што во земјава има повеќе од 200 компании со германски капитал и Германија е нашиот најголем трговски партнер.

Весна Дамчевска

Германската канцеларка Ангела Меркел завчера вечерта најави план за обнова од 130 милијарди евра за периодот 2020-2021 година, чија цел е да ја поттикне економијата, која е тешко погодена од пандемијата на коронавирусот. Притоа, Меркел истакна дека пакетот мерки претставува „смел одговор“, кој ќе ги поттикне потрошувачката и инвестициите и ќе го намали притисокот врз семејствата. Помошта е предвидена за задолжените општини, за времено намалување на ДДВ, за префрлање на заедничките долгови врз сојузната држава, за додаток од 300 евра по дете за семејствата, како и за двојно поголема премија за купување електричен автомобил за да се поддржи автомобилската индустрија.

Оваа вест е многу важна за македонската економија затоа што во земјава има повеќе од 200 компании со германски капитал и Германија е нашиот најголем трговски партнер. Најавата, пак, дека Германија ќе помага да се купуваат електрични автомобили е особено добредојдена, затоа што странските инвеститори во Македонија главно се поврзани со автомобилската индустрија. Од друга страна, поттикнувањето на потрошувачката во Германија е значајна и за нашата текстилна индустрија, која дури 65 отсто од своето производство го пласира на германскиот пазар.

Од Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија велат дека се горди што годинава ќе слават 20 години присуство во државава.

- Делегацијата има 210 членки. Гринфилд инвеститори што имаат свои производствени погони се петнаесетина, но има уште многу германски компании што тука имаат свои претставништва, како што е, на пример, канцеларијата на компанијата за брзи пратки „ДХЛ“, отворена уште во деведесеттите години на минатиот век. Во однос на германските компании што тука отворија производствени погони, најмногу вработува компанијата за автомобилски делови „Кромберг и Шуберт“. Според последните информации од нив, таму се вработени 5.028 работници, а од 2012 година до 2020 година, оваа компанија вложила во земјава 86 милиони евра - велат од Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија.



↑ „Кромберг и Шуберт“ е најголемиот германски работодавач во Македонија.

Во однос на компании што работат со висока автоматизираност на производниот процес, од Делегацијата ни ја посочија германската компанија „Маркварт“ која е исто дел од автомобилската индустрија, а има погон во Велес. Оваа компанија работи од 2014 година, има 630 вработени и досега инвестирала 62 милиони евра.

Покрај значењето на германските фирми што работат тука, исто така е многу значајно и што се случува со германските партнери на македонските текстилни компании што речиси целосно се ориентирани на лон-производство.

Според податоците на Здружението на текстилната и кожарската индустрија при Стопанската комора на Македонија, околу 65 отсто од облеката произведена во Македонија завршува во Германија. Оттаму информираат и дека според податоците од Државниот завод за статистика, текстилната индустрија во 2019 година остварила извоз од 606,7 милиони долари што е 10,7 проценти од вкупниот извоз.

Една четвртина од трговската размена се прави со Германија

• Податоците од Државниот завод за статистика покажуваат дека една четвртина од вкупната трговска размена на Македонија со сите земји во светот се должи на размената со Германија. Последните статистички податоци се однесуваат за првиот квартал од годинава и покажуваат вкупна размена од 3,3 милијарди евра, од кои размената со Германија е 870,8 милиони евра. Она што е особено важно е што Македонија со Германија редовно прави трговски суфицит, односно повеќе извезува отколку што увезува. Така, во првиот квартал од годинава, извозот во Германија бил 663,3 милиони евра, а увозот изнесувал 207,2 милиони евра.

Шлаканица од Регулаторната комисија за енергетика

На ЕВН може да ѝ се одземе лиценцата ако не ги коригира сметките

Потрошувачите по електронски пат да ги достават информациите за потрошена енергија до ЕВН, која е должна да изврши коригирање на фактурите, повика претседателот на Регулаторната комисија за енергетика Марко Бислимовски, по добиените реакции од граѓани за високи сметки за струја за последните месеци.

- Бидејќи важи концептот на самоотчитување, по реакцијата на граѓаните, ЕВН е должна да ја поништи фактурата што е издадена на повисока вредност, како да не постои, и да издаде нова фактура. Ако веќе граѓаните платиле повисока фактура, тогаш тој износ треба да се одбие во следната фактура. Но, се сложувам дека тоа е авансирање на ЕВН. Затоа, не ја повикувам, туку ѝ наредувам на ЕВН да наплатува колку што е потрошено - рече Бислимовски.



Санкции што може да ги преземе РКЕ, нагласи Бислимовски, е отворање прекршочна постапка против ЕВН и постапка за одземање лиценца поради непочитување на Законот за енергетика и на правата на потрошувачите.

- Според правилата за снабдување, ЕВН е должна најмалку еднаш во годината да ги прочита броилата. Досега не сме имале вакво проблем. Од ЕВН редовно ги следат броилата. Овој период имаше проблем поради корона-кризата во март, но очекуваме тоа да се коригира со сметките за април. Но, веќе добиваме и поплаки за април, па затоа ги повикувам потрошувачите ако не се задоволни со фактурираното, сами да извршат читање - изјави Бислимовски.

Тој објасни дека податоците од своите броила, граѓаните може да ги достават до ЕВН преку Вибер, преку електронската апликација, по обичен телефон и по електронска пошта. Доколку ЕВН не изврши коригирање на фактурите според самочитањето од корисниците, тие ќе може да побараат помош од Регулаторната комисија за енергетика. Досега регулаторите посредувале во 150 претставки од граѓаните.

По пресот на РКЕ, се огласи и ЕВН од каде што соопштија дека по едномесечната пауза поради корона-кризата, од 15 април пак редовно ги читаат броилата.

„Сите корисници што доставија состојби за корекција добија коригирани сметки. Ова значи дека на корисниците во сметките им е регистрирана реалната потрошувачка. Се разбира, секој што ќе забележи разлика во состојбите на броилото и на сметките во секој момент може да побара корекција на сметка. Во никој случај корисниците нема да бидат оштетени или да ја авансираат ЕВН. Никогаш на корисниците нема да им биде наплатено повеќе од она што реално го имаат потрошено“, соопшти ЕВН.

Свет

Вашингтон И поранешниот секретар за одбрана крена глас против претседателот

Матис: Трамп се обидува да нè подели

Преправање Доналд Трамп е првиот претседател во мојот живот што не се обидува да ги обедини американските граѓани. Тој дури и не се преправа дека тоа го прави, оцени поранешниот шеф на Пенгатон до 2018 година

Поранешниот американски секретар за одбрана Џејмс Матис го обвини претседателот Доналд Трамп дека се обидува да ги подели САД и остро ја осуди заканата за употреба на војската како одговор на граѓанските немири.

- Доналд Трамп е првиот претседател во мојот живот што не се обидува да ги обедини американските граѓани. Тој дури и не се преправа дека тоа го прави. Наместо тоа, тој се обидува да нè раздели. Сведоци сме на последиците од неговите тригодишни напори тоа да го направи - изјави за магазинот „Атлантик“ Матис, кој оставката на функцијата секретар за одбрана во претседателската администрација ја поднесе во 2018 година.

Пензионираниот маринско генерал, кој негира дека има политички амбиции, го критикуваше американското воено раководство поради присуството на фотосесијата со Трамп,

Белата куќа реагираше со соопштение во кое се истакнува дека „Доналд Трамп е претседател на законот и редот, кој го врати мирот на улиците на нашата држава“



↑ **Трамп со Матис кога беше шеф на Пентагон** Фотографија **ЕПА / Крис Клепонис**

откако полицијата и припадниците на Националната гарда ги растераа мирните демонстранти во близина на Белата куќа. Говорејќи за заканите на Трамп за распоредување воени сили, Матис рече дека тоа ќе создаде лажен конфликт меѓу војската и граѓанското општество.

Белата куќа реагираше со соопштение во кое се истакнува дека „Доналд Трамп е претседател на законот и редот, кој го врати мирот на улиците на нашата држава“.

Низ САД не стивнуваат масовните протести против расизмот и полициската бруталност, наспроти полициските часови прогласени во многу градови. Во Вашингтон протестите почнаа со марш од епископската црква Свети Јован, во близина на Белата куќа, при што демонстрантите извикуваа „Нема правда, нема мир“, „Црните животи се важни“ и „Ова е демократија“, јави МИА. Било зајакнато присуството на полицијата и на војската во центарот на Вашингтон, а десетици воени камиони распоредени близу Белата куќа блокирале движење кон резиденцијата на претседателот.

Шефот на Пентагон, Марк Еспер, се спротивставил на настојувањата на претседателот Трамп да го претвори Вашингтон во „воена тврдина“ и им наредил на околу 200 војници да заминат дома.

Низ другите градови заради стивнување на гневот на демонстрантите биле размонтирани споменици и обележја на историски политичари и генерали со расистички ставови. Во Филаделфија тивко бил размонтиран споменикот на Франк Ризо, поранешен градоначалник и полициски комесар од 1967 до 1980 година, кој застапувал „политика на убивање на црнците за да се спречи криминалот во градот“. Во Ричмонд, пак, се разгледува барањето за отстранување на статуата на славниот генерал Роберт Ли од Конфедеративната армија во Граѓанската војна.

Протести против полициското самоволие и расизмот имало во десетици градови низ САД, но немало посериозни инциденти, освен апсења поради нарушување на полицискиот час.

Обвиненија и за тројцата колеги на полицаецот Шовин

• Државниот обвинител на Минесота Кит Елисон поднесе обвинение против тројцата други полицајци што покрај првообвинетиот Дерек Шовин учествуваа во бруталното апсење на Афроамериканецот Џорџ Флојд пред речиси две недели во Минеаполис.

Обвинението против Шовин, кој притискајќи го вратот на Флојд ја предизвикал неговата смрт, е променето во убиство од втор степен, а неговите колеги ќе се соочат со обвинениј за помагање и поддршка на убиство.

Инциденти пред Амбасадата на САД во Атина

• Со инциденти заврши протестот во Атина во знак на поддршка за демонстрациите во САД, организиран од грчки анархистички, левичарски и антирасистички здруженија и организации.

Млади маскирани лица ги нападнале кордоните со молотови коктели и предмети, на што специјалните полициски единици одговориле со солзавец, јави МИА од Атина.

Во Турција уапсени 29 демонстранти

• Турската полиција приведе 29 лица што демонстрирале во Истанбул во знак на солидарност со протестите во САД.

Протестите насилно биле разбиени откако групата од околу 50 активисти ги игнорирале повиците да се разотидат.

Телевизиски станици го запреле сигналот 8.47 минути

• Американската детска телевизиска станица „Никелодион“ емитувала само дишење во период од 8 минути и 47 секунди, времето колку што полицаецот Дерек Шовин му го притискал вратот на Џорџ Флојд, додека тој молел за својот живот и викал дека не може да дише.

И други канали, вклучувајќи ги музичките „Ем-ти-ви“ и „Виејч 1“ ги поддржале протестите за смртта на Флојд – емитувале дишење и пораката: „Не можам да дишам!“.

Косово.

Курти не прифаќа примо предавање

Лидерот за Самоопределување Албин Курти изјави дека одбива да му ја предаде премиерската функција на Авдулах Хоти, чија влада завчера доби поддршка од собранието.

Курти оцени дека „новата влада на Хоти е бескорисна“ и дека тој ќе ја продолжи борбата и набргу ќе се врати во извршната власт.

Белорусија.



↑ **Протести на опозицијата во услови на пандемија во Минск** Фотографија **ЕПА / Татјана Зенкович**

Лукашенко ја распушти Владата

Белорускиот претседател Александар Лукашенко ја распушти Владата, откако претходно најави дека нема да има радикални кадровски промени во извршната власт.

- Остар рез, замена на сите членови на владата би била погрешна во овој момент. Израсна нова генерација на лидери кои се покажаа добро и добро соработуваа во владата. Зошто да ги менуваме? Тие можат да работат - изјави Лукашенко.

Премиерот Сергеј Румас беше назначен на таа функција во 2018 година. Новиот состав влада сè уште не е објавен. Претседателските избори се закажани за 9 август, а Лукашенко, кој е на власт од 1994 година, се очекува да освои шести мандат.

Односите меѓу двете земји, исто така, се нарушени во последните неколку месеци, како резултат на ескалацијата на тензиите во врска со пандемијата на коронавирус.

ХОРИЗОНТИ

Граѓани на Хонг Конг вчера не отстапуваа од традицијата со запалени свеќи да им изразат почит на жртвите од плоштадот Тјенанмен во 1989 година, наспроти полицискиот час што го прогласија властите на овој регион, како и најавата за усвојување на законот со кој се прогласува за кривично дело непочитувањето на химната на Народна Република Кина.



Демонстрации Критики кон Белата куќа од земјите со најслабо поведение за човекови права



Протестите на Тјенанмен и по 31 година се табу-тема во Кина.

← Фотографија **ЕПА / Роман Пилипи**

Духовите од Тјенанмен надвиснаа над Трамп

Морално право Трамп денес како претседател на САД не само што го изгуби моралното право да ја осуди интервенцијата на Тјенанмен во 1989 година, туку и трпи критики токму од Пекинг поради поддршката за употреба на воена сила за задушување на масовните демонстрации низ САД.

Митко Билјаноски

Начинот на кој претседателот Доналд Трамп настојува да ги смири нередите во Америка „како на тацна им сервираше“ можност на кинеското раководство и на пропагандата не само да ги стивнат критиките за забраната на одбележување на годишнината од инцидентот од Тјенанмен и за наметнувањето своја власт врз Хонг Конг, туку и да тргнат во контранапад со критики за почитувањето на човековите права.

Критики за почитувањето на човековите права кон САД доаѓаат дури и од земји со слаби оцени во оваа категорија – од Кина, Русија, па дури и од Иран.

Но, за Трамп ова не е ништо ново.

Пред 30 години Доналд Џон Трамп како пребогат трговец со недвижнини, но и обичен граѓанин на САД, ја пофали Кина поради „демонстрирањето сила“ при задушувањето на масовните демонстрации на плоштадот Тјенанмен во Пекинг – инцидент што многу демократски земји на Западот го оценија како „масакр“ и остана како една од најтемните дамки во историјата на Кина.

На 4 јуни 1989 година Кина прогласи полициски час во Пекинг и испрати војска со тенкови за да ги задушат студентските протести на Тјенанмен. Војската пукаше во демонстрантите и имаше многу жртви - од неколку стотини, па до неколку илјади, во зависност од изворите.

Пред 30 години Доналд Џон Трамп како пребогат трговец со недвижнини, но и обичен граѓанин на САД, ја пофали Кина поради „демонстрирањето сила“ при задушувањето на масовните демонстрации на плоштадот Тјенанмен во Пекинг – инцидент што многу демократски земји на Западот го оценија како „масакр“

Слабаци и доминатори

Трамп денес како претседател на САД не само што го изгуби моралното право да ја осуди интервенцијата на Тјенанмен во 1989 година, туку и трпи критики токму од Пекинг поради поддршката за употреба на воена сила за задушување на масовните демонстрации низ САД, поттикнати од убиството на Афроамериканецот Џорџ Флојд при апсење во Минесота пред речиси две недели. Како што во 1990 година го фалеше „демонстрирањето сила“ во Кина, Трамп сега жестоко ги напаѓа гувернерите што се воздржуваат да повикаат армиски сили за да ги разбијат демонстрациите во Америка. Трамп ги нарече гувернерите „слабаци“ да возвратат врз демонстрантите, наместо да „ги доминираат“.

Трамп, кој денес остава впечаток дека им се восхитува на авторитарните лидери како Владимир Путин, па дури и Ким Џонг-ун, своевремено како „слабаци“ ги критикуваше и советските власти.

Во интервјуто за магазинот „Плејбој“ во март 1990 година, во кое го опишувал својот живот на могул со недвижнини, Трамп изјавил дека не бил импресиониран од она што го видел кога во 1987 година ја посетил Москва, главниот град на тогашниот Советски Сојуз.

- Нивниот систем е катастрофа. Таму наскоро ќе видите револуција. Сите знаци се таму, со демонстрации и протести. Русија е надвор од контрола и раководството го знае тоа. Тоа е мојот проблем со (тогашниот советски претседател Михаил) Горбачов. Нема доволно цврста рака - изјави Трамп.

- Цврста рака како во Кина? - потпрашал новинарот на „Плејбој“.

- Кога студентите го преполнија плоштадот Тјенанмен, кинеските власти за малку ќе ја опрскаа. Тие беа подли, тие беа ужасни, но ги смирија со сила. Тоа ви ја покажува демонстрацијата на сила. Нашата земја сега ја сметаат за слаба, ја плукаат од целиот свет - одговорил Трамп во таа 1990 година.

Пљачкање и пукање

Денес истиот Трамп, но со сосема друга моќ, ги повикува гувернерите да ги „доминираат“ демонстрантите против расизмот и полициското насилство, поттикнати од убиството на Афроамериканецот Флојд во Минесота.

Демонстрациите речиси редовно експлодираат во насилни палења на имот и пљачкосувања продавници, но и силите за безбедност трпат жестоки критики поради користење солзавец, гумени куршуми и прекумерна сила при разбивањето и на мирните демонстрации, дури и врз репортери што известуваат за нередите. Трамп ги осуди хулиганите и насилниците, но не и претераното користење сила од полицијата, како во случајот на приведувањето на Флојд.

- Јас не можам да седам и да

Иран: САД се однесуваат кон другите земји исто како полицајците кон Флојд

• Иранскиот духовен лидер Али Хамнеи ја спореди смртта на Афроамериканецот Џорџ Флојд со однесувањето на САД кон другите држави. - Не е ништо ново тоа што полицаецот сосема рамнодушно со колено го притиска Црнецот за тој да умре, без оглед на молбите, а другите полицајци гледаат и не преземаат ништо. Тоа е суштината на Америка. Всушност, САД така се однесуваат кон целиот свет, кон Авганистан, Ирак, Сирија, кон многу други земји - истакна Хамнеи.

Во своето обраќање по повод годишнината од смртта на лидерот на иранската револуција, ајатолахот Хомеини, тој оцени дека сегашните случувања во различни американски градови и држави претставуваат „манифестација на реалноста што се крие во Америка“.



↑ **Протести пред Белата куќа** Фотографија **ЕПА / Шон Тју**



↑ **Десетици илјади студенти и граѓани протестираат на Тјенанмен пред 31 година**

Кога студентите го преполнија плоштадот Тјенанмен, кинеските власти за малку ќе ја опрскаа. Тие беа подли, тие беа ужасни, но ги смирија со сила. Тоа ви ја покажува демонстрацијата на сила. Нашата земја сега ја сметаат за слаба, ја плукаат од целиот свет - Трамп во интервју за „Плејбој“ во 1990 година

гледам што се случи на великиот американски град Минеаполис. Целосно отсуство на лидерство. Или преслабиот радикално левичарски градоначалник Џејкоб Фреј ќе се собере и ќе го стави градот под своја контрола или јас ќе ја испратам Националната гарда за да ја заврши работата како што треба - порача Трамп на 29 март. Истиот ден тој ја „твитна“ и пораката „Кога почнува пљачкањето, почнува пукањето“, која платформата Твитер реши да ја прикрие поради прекршување на интерната забрана за пораки во кои се глорифицира насилството. Фразата „Кога почнува пљачкањето, почнува пукањето“ му се припишува на Јуџин Конор – Бикот, озлогласениот комесар за јавна безбедност во Бирмингем, Алабама, сегрегационист што наредил употреба на полициски кучиња и млазови вода од противпожарни возила за разбивање протести на црни демонстранти во раните шеесетти години на минатиот век. Оваа фраза во 1967 година ја употребил и шефот на полицијата во Мајами, Волтер Хедли, со што уште повеќе ги интензивирал антирасистичките протести. Во 1968 година оваа фраза во својата кампања ја користел и сегрегацискиот претседателски кандидат Џорџ Волас.

Падобранци околу бункерот

Соочен со брзата проверка на фактите, Трамп брзо се огради од твитот за „пукањето“, но продолжи да ги притиска гувернерите и градоначалниците да ангажираат војници од Националната гарда со пушки со долги цевки за смирување на нередите. Тој го искористи и правото како врховен командант да побара распоредување воени сили околу главниот град Вашингтон, и тоа припадници на најмобилната единица на Армијата, 82. падобранска дивизија, која вообичаено била ангажирана за најитни ситуации на боиштата во Првата и во Втората светска војна, Виетнамската војна, Инвазијата на Гренада и на Панама, Заливската војна, во Авганистан, во Ирак, заклучно со Сирија.

На притисокот од демонстрантите директно врз Белата куќа, Трамп беше евакуиран во бункерот под претседателската палата. Тој притоа ги предупреди демонстрантите дека ако ја нападнат Белата куќа ќе се соочат со „најкрволочни кучиња и најопасни оружја“. За ваквото однесување и реторика експертите оценија дека се вклопува во профилот на авторитарни лидери.

- Вака изгледа американскиот авторитаризам - изјави њујоршкиот универзитетски професор Рут Бен-Гијат.

Антитеза на Америка

Демократскиот сенатор Крис Марфи, пак, ги повика републиканските колеги да не дозволат нивната партија да биде одговорна за „предизвикување американски Тјенанмен“.

- Постројувањето на армијата пред демонстрантите е одлика на диктатури. Тоа буквално е антитеза на Америка - порача сенаторот од Конектикат.

Државните кинески медиуми повикаа на солидарност со демонстрантите во Америка, а властите во Вашингтон ги обвинија за лицемерство. Комунистичкото раководство се воздржува од официјална поддршка на која било страна, но очигледно е дека функционерите и коментаторите настојуваат со скокотливи забелешки да ја искористат поволната политичка ситуација.

Хуа Чунјинг, претставничка на Министерството за надворешни работи, на Твитер објави: „Не можам да дишам“ - последните зборови на Флојд пред да почине, кои станаа мото на демонстрациите против расизмот и полициското насилство во САД.

Хаосот во САД не само што ѝ помага на Кина да се подзаборави на Тјенанмен од 1989 година, туку и да се оправда актуелното наметнување на авторитет врз Хонг Конг и бескомпромисниот однос на силите за безбедност кон продемократските демонстранти во оваа поранешна британска колонија.

Хонг Конг во менгеме

- Американските политичари сега од своите прозорци може да бидат сведоци на „прекрасната глетка“. Би ги прашал спикерката (Ненси) Пелоси и државниот секретар (Мајк) Помпео: Дали Пекинг треба да ги поддржи протестите во САД како што вие ги глорификувавте бунтовниците во Хонг Конг? - коментираше Ху Сијѓин, уредник на националистичкиот таблоид „Глобал тајмс“.

Таквите саркастични пораки одѕвонуваат и низ Америка. Активистот Патрик Махони вели дека во странство постојано се соочува со критики за лицемерие на американското раководство, поради претераната грижа за човековите права низ светот, а сосема друг пристап за домашните проблеми.

- Би сакал да верувам дека нашата влада е еднакво посветена на човековите права и слободи и кога се работи за полициска бруталност во САД исто како и во Хонг Конг. Не сум убеден дека не ги практикуваме во Америка истите принципи што ги имаме за другите - вели Махони.

Како илустрација тој наведува шега што кружи меѓу конзервативците во САД: „Која е разликата помеѓу хонгконшките демонстранти и демократите? Оние од Хонг Конг ја сакаат Америка“.

Хонгконшкиот активист Промис Ли вели дека демонстрантите во Хонг Конг се повикуваат на САД барајќи „тактичка поддршка“ во својата борба, иако лично не ги споделуваат десничарските идеали што ги наметнува актуелното раководство во Вашингтон.

Уредникот на „Глобал тајмс“ повика на солидарност на светските лидери при соочување со насилни демонстрации.

- Некои во Кина ги поддржаа протестите во Америка зашто Конгресот на САД го поддржа бунтот во Хонг Конг. Сепак, кинеската влада не изрази каква било поддршка за бунтот во САД и верувам дека Американците ја забележаа воздржаноста на Пекинг. Ние не се обидовме да ги клоцаме САД додека лежат на земја. Секако дека причините за бунтовите се различни, но очигледни се и сличностите. Тие се деструктивни и ги нарушуваат законот и редот. Палат полициски станици, блокираат патишта, кршат продавници и уништуваат јавни добра и во Минеаполис и во Хонг Конг - порача Ху.

Северна Кореја: САД не се во позиција да ја критикуваат Кина

• Севернокорејските власти соопштија дека САД не се во позиција да ја критикуваат Кина поради Хонг Конг или човековите права, бидејќи Вашингтон се заканува дека ќе ги „ослободи кучињата“ за да ги запре протестите.

- Демонстранти гневни на екстремните расисти тргнаа на Белата куќа. Тоа е денес реалноста во САД. Американскиот либерализам и демократија им се закануваат на демонстрантите дека ќе ги ослободат дури и кучињата за спречување на протестите - истакнал неименуван портпарол на Одборот за надворешни работи на владејачката Работничка партија на Кореја.

Москва: САД никому не можат да држат лекции за човековите права

• Стејт департментот на САД не може да поучува никого за почитување на човековите права при бран полициска бруталност кон новинарите кои известуваат за протести во оваа земја, изјави претставничката на руското Министерство за надворешни работи, Марија Захарова, јави МИА.

- Од прозорецот на Стејт департментот во Вашингтон можете да го видите масакрот на полицијата врз демонстрантите на плоштадот Тјенанмен, но се прашувам дали американскиот државен секретар ќе има нешто да им каже на своите гости и за американските достигнувања на полето на заштитата на човековите права - порача Захарова, цитирајќи коментар од кинески медиум.

Таа истакна дека во овој момент САД можат да се „пофалат“ само со „незаконски и бруталeн третман кон новинарите, кои секојдневно се бомбардирани со солзавец и со рафали од гумени куршуми од полициските пушки“. Министерство за надворешни работи ги повика меѓународните организации да одговорат на зголемениот број случаи на полициско насилство врз новинари што известуваат за протестите низ САД, како и на кршење на човековите права во Америка.

Здравје

Ако се чувствувате изгубено, разочарано или слабо, вратете се кон себе, кон онаа личност што сте тука и сега, и кога ќе стигнете таму ќе се откриете себеси, како лотос што цути дури и во калливо мочуриште, убави и силни.

Масару Емото

Не поставувајте сами дијагноза.

Еден од најголемите митови за високиот притисок

Еден од митовите поврзани за високиот притисок, како што велат лекарите, секако е и оној дека високиот крвен притисок се поврзува со нервозата, потењето, тешкотиите со спиењето...

Зголемениот крвен притисок или хипертензија се нарекува и „тивок убиец“, бидејќи често нема никакви симптоми, а личноста најчесто дознава дека го има дури откако ќе го измери или, во полош случај, кога ќе доведе до оштетувања на некои важни органи.

Симптомите какви што се крвавење од носот, вртоглавица, црвенило на лицето, како и главоболка или замор, може да се јават кај лицата со зголемен крвен притисок, а еднакво се јавуваат и кај луѓето со „нормален“ крвен притисок.

Еден од митовите поврзани за високиот притисок, како што велат лекарите, секако е и оној дека високиот крвен притисок се поврзува со нервозата, потењето, тешкотиите со спиењето...

Вистината е дека високиот крвен притисок не е поврзан со тегоби, па затоа го нарекуваме „тивок убиец“. Препораката на лекарите е да не се обидувате сами да си поставите дијагноза, туку тоа да им го препуштите на стручњаците.



Како да го измерите крвниот притисок?

• Крвниот притисок не е константен – тој се менува во текот на денот и ноќта, а зависи од многу фактори, на пример, физичката активност, степенот на стрес на кој сте изложени, емоционалната состојба, периодот на денот (обично е повисок наутро отколку навечер) и слично.

Ако сакате да го измерите притисокот, направете го тоа во седечка положба, во мирна состојба и мерењето спроведете го трипати. Земете ја средната вредност, која ќе ви каже колкав е вашиот притисок.



Кои се оптималните вредности на крвниот притисок?

● Состојбата на притисокот е оптимална ако систолниот притисок е понизок од 120, а дијастолниот понизок од 80 ммХг.

● Состојбата на притисокот е нормална ако систолниот притисок е помал од 130, а дијастолниот помал од 85 ммХг.

● Состојбата на притисокот е гранична, ако систолниот притисок изнесува помеѓу 130 и 139 ммХг, а дијастолниот помеѓу 85 и 89 ммХг. Во тој случај повторно контролирајте го за една година.

● Прв степен на хипертензија подразбира систолен притисок помеѓу 140 и 159 ммХг, а дијастолен притисок помеѓу 90 и 99 ммХг. Во тој случај, се препорачува контрола на притисокот за два месеца.

● Втор степен на хипертензија подразбира систолен притисок помеѓу 160 и 179 ммХг, а дијастолен помеѓу 100 и 109 ммХг. Во тој случај, контрола на притисокот кај лекар би требало да направите за еден месец.

● Трет степен на хипертензија подразбира систолен притисок од 180 ммХг и повеќе и дијастолен од 110 ммХг па нагоре. Се препорачува лекарска помош за една недела.

Намалете го шеќерот без лекови: **4 рецепти од народната медицина**

• Зголемената количина шеќер во крвта доведува до дијабетес и негови компликации. Покрај тоа, предизвикува нарушувања во работењето на црниот дроб и на урогениталниот систем, предизвикува метаболички нарушувања, кожни болести, развој на катаракта и срцева патологија.

Затоа е многу важно да се препознаат знаците на хипергликемија и навреме да се обратите кај лекар.

Зголемениот шеќер во крвта може да предизвика:

● остро варирање на тежината;

● оштетен вид, појава на мали точки пред очите, оштетување на ноќниот вид;

● вечно ладни раце и нозе;

● лошо заздравување на раните на кожата:

● чешање и оштетување на слузокожата;

● проблем со цревата: чест запек или пролив;

● интензивирано уринирање, особено во текот на ноќта;

- засилена жед, сувост на усните итн.



Народни лекови што можат да го намалат шеќерот во крвта:

ЧАЈ ОД ЛОВОРОВ ЛИСТ - Ставете 8 ливчиња ловор во 300 мл зовриена вода. Оставете да отстои околу 4 часа. Процедете и земајте по половина чаша 3 пати на ден во текот на 3 дена, а потоа направете пауза од 2 недели.

НАПИТОК СО ЦИМЕТ - Еднаш дневно, најдобро наутро, додајте една лажичка цимет во шолја кефир. Промешајте, па испијте го наутро. Оваа мешавина ќе го подобри метаболизмот и ќе го намали шеќерот. Ако не поднесувате млечни производи, циметот додајте го во чајот или во млака вода. Најдобро е да користите цимет во стапчиња, изрендајте го и ставете го во пијалакот.

НАПИТОК ОД БЕЛ ГРАВ - Навечер сипете половина чаша ладна вода, во која ќе додадете три зрна бел грав. Наутро изедете го гравот и испијте ја водата. Еден час потоа ништо не јадете, потоа појадувајте.



КАША ОД ХЕЛДА СО КЕФИР - Хелдата содржи голема количина на витамините од групата Б, фолна киселина, фосфор, железо и други елементи во трагови што го заситуваат организмот и не влијаат врз зголемувањето на гликозата.

За да направите народен лек од хелда, земете неколку лажици брашно од хелда, прелијте го со кефир и оставете го да отстои преку ноќ. Наутро изедете ја кашата наместо појадок.



Уредува
Тони Димков

КУЛТУРЕН ПЕЧАТ.

БРОЈ 34 | **петок-недела 5-7 јуни 2020** | Неделен прилог

Графички предизвик – „Уметност и уметник“









Предизвиците што уметници од различни области си ги задаваат преку социјалните медиуми се убава можност да се спознае нивното творештво. Покрај музичките, фотографските, книжевните, има и графички предизвици. Таков е „Уметност и уметник“, на кој графичарката Соња Димовска одговори со десет свои дела предизвикана од својата колешка Ивана Видиќ од Србија.

- Во овој период на социјална хиберна-ција еден од начините за одржување на контакт со реалноста ми се и контактите преку социјалните мрежи со колегите буквално од цел свет. Овој предизвик го прифатив откако ме номинираше гра-фичарка од Србија и го доживувам како еден вид солидарност да се поддржиме едни со други и да ја промовираме својата уметност во време кога галериите се затворени. Воедно, да споделуваме актив-ности, позитивност, страст и внимание на уметноста и уметниците, но и да го свртиме вниманието кон убавите нешта за полесно да го поднесеме овој тежок период на изолација – објасни Соња Димовска, која е автор, но и професор по графика и графички техники.

МЕДИА Деск МК / Бистра Георгиева /
МЕДИА најави помош од пет милиони евра за киноприкажувачите

Интервју
Благој Ламњов
Благородниот звук на кларинетот го привлече за цел живот



Панде Манојлов
Прозорец

Не ставив перде,
не ставив завеса
на прозорецот!

Нека влезе светлината,
животот
нека влезе!

Во домот,
во срцето
ширно широко...


Само
стаклото
да не се скрши:

Студот
да не наваса
длабоко во душата!

(29.5.2020)

Разговор / Панде Манојлов / Душата ја предадов на царството на поезијата

Онлајн промоција.





„Најстари приказни“ од Томислав Османли

Писателот Томислав Османли преку своето вешто и искусно перо во новата книга „Најстари приказни: Митови од мугрите на западната цивилизација“ раскажува неколку од „најстарите приказни“ – приказни што оставиле и што сè уште оставаат печат врз културата и историјата. Раскажувањето почнува со падот на древниот континент Атлантида и војната помеѓу титаните и боговите, што, пак, директно води кон даровите на Прометеј и отворањето на Пандорината кутија. Следуваат две големи авантури и патешествија: задачите на силниот Херкул и пловидбата на храбрите аргонаути – две приказни богати со претстави на борби, чудовишта, магија и љубов. Тројанската војна и враќањето на Одисеј, заедно со подвизите на Персеј, се приказните со кои Османли го затвора циклусот со избраните најстари повести, а на крајот, во јасен поговор, ги објаснува митовите и го разјаснува контекстот од кој потекнуваат.


- Одамна имав забележано дека многубројни комерцијализирани и неавтентични варијанти на митовите се шират низ масовните медиуми. Едноставно, децата и младите луѓе непрекинато добиваат искривени приказни што едвај и да имаат врска со нивните митолошки поводи на кои се повикуваат. Тогаш си помислив дека е добро да направам книга во која ќе се обидам, колку што е можно подоследно, да ги претставам автентичните наративи, точно да ги предочам нивните протагонисти и ликови, да ги споменам нивните автентични именувања, да ги дадам мотивските врски помеѓу настаните и точно да ги предочам перипетиите, а притоа тој авторски зафат да биде едноставен и разбирлив. Се обидов на својот избор од седум меѓу многубројните, сложени и меѓусебно тесно поврзаните митски наративи, токму на тој начин да им пристапам -- изјави авторот во текот на промоцијата.

Книгата „Најстари приказни: Митови од мугрите на западната цивилизација“ од Томислав Османли, како издание на „Либи“, дел од „Арс ламина - публикации“, имаше онлајн промоција преку платформата „Зум“. Томислав Османли (1956) е автор на 26 книги романи, раскази, теорија, есеи, драмски текстови и сценарија. Дипломирал право, а целиот живот се занимавал со уметничко творештво и со новинарство во културата.

Креативност во самоизолација.

Уметноста на маските - Уметниците против Ковид-19

Проект Македонските уметници Пандора Апостолоска Саздовска и Сашо Саздовски учествуваат во меѓународен проект под покровителство на Канцеларијата на УНЕСКО во Бејрут, Либан, со дизајн за заштитни маски, како една од најдобрите мерки за заштита од коронавирусот



↑Автор **Пандора Апостолоска Саздовска**



↑Автор **Сашо Саздовски**

Канцеларијата на УНЕСКО во Бејрут заедно со невладината организација МЕАДОВС (Медитерански напори за унапредување и развој на широко распространета одржливост) упатија покана до уметниците ширум светот да го преземат предизвикот за користење на визуелните уметности како моќна алатка која влијае на релевантните глобални проблеми преку меѓукултурниот дијалог. Концептот создаден од Лена Келекијан, претседател и основач на МЕАДОВС, доведе до реализација на проектот „Уметноста на маските“ под закрила и покровителство на Канцеларијата на УНЕСКО во Бејрут. Темата беше „Уметниците и УНЕСКО против ковид-19“. Идејата беше претворена во полноправен проект во рамките на програмата „Уметници и креативност над кризата“ на УНЕСКО, а се одвиваше по повод Светскиот ден на културна разноликост за дијалог и развој.

Предизвикот го прифатиле повеќе од 250 уметници од 120 земји. Од нашата земја со свои креации на дизајн за заштитни маски учествуваа Пандора Апостолоска Саздовска и Сашо Саздовски. Во рамките на краток временски рок од три седмици, наместо потребните три месеци, УНЕСКО - Бејрут и МЕАДОВС поминале низ процесот на селекција, надминувајќи ги јазичните бариери и културните разлики помеѓу уметниците од целиот свет.

- Настанот имаше за цел да ја унапреди глобалната свест за социјална одговорност преку охрабрување на луѓето да носат маски, не како обврска, туку како една од најдобрите мерки за заштита. Борбата против ковид-19 имаше свои медицински херои, но ние ги поздравуваме сите херои – уметници кои доброволно го прифатија предизвикот во сопствената борба против пандемијата и нејзините социјални и културни закани – истакна Сашо Саздовски.

Ликовна изложба.

Графити уметност во Младински културен центар

Првата самостојна изложба на визуелниот уметник Душан Стефановски со наслов „Потиснат потенцијал“ од 3 јуни е поставена во галеријата на Младинскиот културен центар. Неговата уметност е апстрактна лична експресија, која е создадена со материјали што се типично користени за графити-уметноста, што се додава на уникатноста на неговиот веќе уникатен визуелен јазик. Неговите колоритни дела додаваат малку повеќе боја во нашиот град.

- Кога зборуваме за уметноста, неретко се среќаваме со поимот „потенцијал“, било да се работи за креативен, творечки или пазарен потенцијал. Интересно е што графити-уметноста како да не влегува во ниту една од споменатите категории. Барем не овде, не на овие простори. Честопати отфрлана, понекогаш дури и погрешно категоризирана како форма на вандализам, кај нас и натаму стои на маргините од уметничките практики, недоволно признаени „за“ и „во“ рамките на галерискиот простор, можеби на моменти дури и премногу одвоена од галериската уметност, како не толку „елитна“ или „ексклузивна“, за да ги задоволи воспоставените институционални критериуми. Душан Стефановски во неговата прва самостојна изложба, која не случајно го носи насловот „Потиснат потенцијал“, упатува токму на потиснатиот потенцијал на овие уметнички форми и практики, со интенција да укаже на можноста за алтернатива во галерискиот простор, но истовремено и обратно, да ја доближи урбаната „стрит-арт“ сцена до едно институционално рамниште – напиша Ангела Витановска, историчарка на уметност.



Европски аудиовизуелен сектор.

МЕДИА најави помош од пет милиони евра за киноприкажувачите

Криза За време на кризата дури 9.000 киносали низ Европа се затворија, се прекина снимањето на многу проекти, а се оневозможи и дистрибуцијата на веќе завршени филмови

Пандемијата на коронавирусот ги запре сите културни настани и ги затвори сите театри, галерии и киносали низ Европа во последниве три месеци. Тоа е сериозен удар врз европските филмски работници, продуценти, киноприкажувачи, дистрибутери. На неодамна одржаната дигитална верзија на Филозофскиот филмски фестивал дел од програмата беше и вебинарот на тема: „Точки на гледање: Ковид-19 и состојбите во македонскиот филмски сектор“. Меѓу учесниците на вебинарот беше и Бистра Георгиева, раководителка на Креативна Европа МЕДИА Деск МК. Мерките со кои европските институции од областа на културата, конкретно на филмот, одговорија на кризата со ковид-19 ќе имаат влијание и во македонскиот аудиовизуелен сектор.

– Креативна Европа МЕДИА многу брзо се обиде со некои мерки да му олесни на филмскиот сектор, особено покажувајќи флексибилност кон веќе тековните проекти и признавање некои направени трошоци за активности што беа спречени да се реализираат. Дополнително, одредени рокови за некои повици беа пролонгирани за да може компаниите да најдат време и начин да аплицираат, имајќи ги предвид технички лимитираните средства во екот на кризата – објасни Георгиева за „Културен печат“.

Во секоја земја, која е дел од Креативна Европа, има канцеларија чија основна цел е да даде поддршка и помош во процесот на аплицирање, да ги поттикнува претставниците на секторот да учествуваат во МЕДИА и преку различни тренинг програми, да им помага во наоѓање европски партнери, а преку тоа да го развива аудиовизуелниот сектор.

– Она што е исто значајно, и на кое МЕДИА Деск МК многу обрнува внимание, е организирање различни бесплатни тренинзи, работилници и средби во нашата земја, каде што најчесто гостуваат претставници од други европски земји, кои своето знаење во различни области го пренесуваат на нивните македонски колеги. Можеме да се пофалиме дека од 2016-та, кога Македонија влезе во МЕДИА, до сега претставници на аудиовизуелниот сектор од нашата земја добија повеќе од еден милион евра за различни проекти: филмски фестивали, онлајн и офлајн дистрибуција, развој на филмски проекти – потенцира Георгиева.

Актуелната ситуација сè уште не дозволува снимање нови филмови, а во однос на фестивалите некои се одложени, некои тргнаа со онлајн верзија, а тие што следуваат, најавуваат или откажување или хибридна (класично-дигитална) верзија на фестивалот. Ситуацијата е слична речиси во сите европски држави.

- Секој филмски фестивал во овој период одлучи различно. Имаше фестивали што кризата ги фати неколку денови пред почетокот на нивните изданија (на пример, Фестивалот на документарен филм во Копенхаген и Интернационалниот фестивал во Вилнус) и успеаја во рекордно време од 5-6 дена да го префрлат своето издание комплетно онлајн, а притоа беа многу успешни во смисла на посетеност и реализација. Но, се разбира, многу од фестивалите едноставно ги одложија или ги откажаа овогодишните изданија (Канскиот филмски фестивал, Фестивалот во Минхен, Софија, Трансилванија и други) или, пак, еден дел од програмата решија да ја одржат онлајн. Таков пример е еден од најзначајните настани во оваа сфера – филмскиот маркет во Кан, на кој се среќаваат сите филмски професионалци од светот, а кој ќе се одржи онлајн оваа година од 22 до 26 јуни – објасни Георгиева.



↑ **Бистра Георгиева – раководителка на Креативна Европа МЕДИА Деск МК**

Филмските фестивали, но и киносалите, се незаменливи во однос на социјалната димензија што ја имаат во промоцијата, прикажувањето и дистрибуцијата на филмовите. Нивното затворање оневозможи голем број филмски премиери, но и го отвори прашањето за нивната понатамошна егзистенција доколку целиот аудиовизуелен сектор своите промотивни и дистрибутерски активности ги реализира само во дигитална форма.

– За време на кризата дури 9.000 киносали низ Европа се затворија, се прекина снимањето на многу проекти, меѓу кои и серијата „Круна“ (The Crown) во Андора и филмот „Невозможна мисија“ во Италија, но се оневозможи и дистрибуцијата на веќе завршени филмови. Она што Креативна Европа МЕДИА го најави како помош во најбрзо време е фонд од пет милиони евра во форма на ваучери за киноприкажувачите што се дел од мрежата „Europa Cinemas“, а тука се и нашите Кинотека, Кино Фросина, Кино Милениум и 3Д киното во Битола. Се разбира, се очекуваат и други видови помош за целиот аудиовизуелен сектор, а еден дел од помошта ќе се предвидува, веројатно, во следната седумгодишна програма на Креативна Европа МЕДИА (2021-2027). Во секој случај, МЕДИА Деск МК преку својот вебсајт, Фејсбук и Инстаграм профил редовно, како и до сега, ќе ги објавува новостите кои се значајни за нашиот аудиовизуелен сектор – нагласи Бистра Георгиева.



Кинотека.

Книга за филмскиот режисер Андреј Тарковски е достапна онлајн

Кинотеката на Северна Македонија за пошироката јавност преку својот сајт овозможи да се преземе филмолошката книга „Христијанските слики и симболи и нарацијата во филмовите на А.А. Тарковски“ на д-р Атанас Чупоски.

Во кинотечното издание од 2012 година, на речиси 250 страници, „основен предмет на истражувањето, преку компаративно, интердисциплинарно вкрстување на методите на митокритиката, наратологијата, филмската теорија и православната христијанска аскетика, се христијанските слики и симболи актуализирани во филмовите на Андреј Тарковски, и спецификите на неговото филмско раскажување“, открива авторот, а сето тоа го елаборира преку анализа на филмовите „Андреј Рубљов“ (1966), „Сталкер“ (1979) и „Жртвопринесување“ (1986) на култниот советски режисер.

Авторот Атанас Чупоски (1969) е писател и поет, сценарист и режисер, радиоводител, професор, компаратист и филмолог, доктор на филолошки науки. Автор е на повеќе од двесте книжевни и филмолошки студии, есеи, песни, раскази и публицистички текстови, објавени во повеќе списанија за литература, филм, уметност и култура, дневни, неделни и месечни списанија, весници и портали. Сценарист и режисер е на неколку документарни филмови, какви што се „Копаничарите“, „Глас“, „Охридските трубадури“, „Скендербег и Светиград“, „Сведоци“ и други.

Интервју

Благој Ламњов
кларинетист

Музички талент.



Автор
Тони Димков

Благородниот звук на кларинетот го привлече за цел живот

Инспирација Љубовта кон кларинетот Благој Ламњов ја носи од најмала возраст, бил инспириран од свирењето на неговиот постар брат, а веќе 15-години гради свој многу чесен и неверојатно искрен музички израз



Кларинетистот Благој Ламњов својот животен пат го почнува во Велес, средно музичко училиште завршил во Штип, почнал музички студии на ФМУ во Скопје, но ги прекинал и заминал во Шведска. Музички факултет завршил на универзитетот „Лунд“ во Малме. Извесно време престојува во Мичиген, САД, но повторно се враќа во Шведска, каде живее и работи во последниве 15-ина години. Вниманието на културната и музичката јавност го привлече со деби-албумот „Носталгична љубов“, но и со неговите успеси на музичко поле во Шведска.

● Многу убаво ја започна 2020 година со солистички концерт со Симфонискиот оркестар на Норшопинг, Шведска. Што тој концерт значеше за тебе?

- Имајќи го предвид фактот дека екстремно мал процент од кларинетистите во светот добиваат можност да свират како солисти со професионални симфониски оркестри, овој мој настап со шведски оркестар го доживеав како голем успех и потврда за уникатност и квалитет. Најмногу од сè ми значеше самата покана, особено тоа што оркестарот ме побара цели 10 месеци пред концертот, со цел да ја потврдат сериозноста на мојата улога на тој концерт, како што е случај и кога ги покануваат и многу попознатите солисти од мене.

На трите кратки проби и на самиот концерт научив многу. На концертот се чувствував преубаво, но во секој момент додека траеше мојот настап бев свесен за одговорноста која ја имам. Интересно е тоа чувство: Кога човек излегува на сцена како солист, тој е како гладијатор во борилиште: нема назад, мора да победи сè до последната отсвирена нота.

● Практично, од кои композиции беше составена програмата на концертот?

- Концертот беше, така речено, колаж од разновидни стилови на музика. Оркестарот на Норшопинг секоја година во јануари прави ваков концерт, кој се нарекува „музика на твојот мајчин јазик“, сè со цел да им посака добредојде на доселениците. Оркестарот свиреше репертоар од класична до арапска музика. Јас свирев две дела: „Позајмениот фустан“, напишано од Суада Лакишич Башњак, и мојата инструментална верзија на велешката песна „Сербез Донка“, која беше аранжирана од Карл-Јохан Анкарблум.

Беше навистина убаво да се види задоволството и возбудата на публиката. Им беше дозволено да сликаат и снимаат со телефоните, што е строго забрането за време на вообичаените неделни класични концерти. Особено ми беше драго што имаа можност да слушнат македонска песна интерпретирана од аголот на класичната музика.

● Како шведската публика реагира на музика со етно примеси од македонското подрачје?

- Шведската публика што посетува концерти почитува сè што е добро и професионално спремено и изведено на сцената. Во сите овие години во Шведска сум научил дека ако свириме македонска музика, тој настап мора да се подготви многу внимателно. Според мене, публиката мора да ја почувствува формата на музичкото дело, слушајќи ги почетоците и краевите на сите парчиња од кои е составено делото. Покрај тоа,

Кога човек излегува на сцена како солист, тој е како гладијатор во борилиште: нема назад, мора да победи сè до последната отсвирена нота

аранжманот треба претпазливо да се состави за публиката да може убаво да слушне што е мелодијата, а што е хармонска подлога и придружба. Така што кога сето тоа е убаво спакувано и квалитетно отсвирено, тие уживаат и би дошле повторно на таков концерт. Најверодостоен доказ дека им се допаѓа е тоа што го купуваат моето ЦД по концертот.

● На крајот на минатата година во Македонија, во топла и срдечна атмосфера во кафулето „Метаноја“, го промовираше својот прв албум „Носталгична љубов“. Какви се досегашните реакции од публиката и во Македонија и во Шведска?

- Албумот досега го слушнаа неколку илјади луѓе, а тоа што го знам е дека таа бројка е составена од разновидни слушатели со различен социјален стил на живот, професии, сфаќања, разновиден вкус за музика, итн. Еве ќе ви опишам накратко со примери за тоа што сум го добил како информација: блиски луѓе ми кажаа дека нивните деца се навикнале на мојот албум и сами барале да им го пуштаат. Добив порака од кларинетист од градот Каламазу (Мичиген, САД) дека неговото 10-годишно дете ја пуштало „на рипит“ втората лента од албумот и заспивало со неа. Потоа, луѓе кои цел живот слушаат гитари, рок, џез, блуз, сега интересен им е за слушање мојот албум, иако никогаш претходно немале желба за слушање на инструментот кларинет во својот дом или во кола. Освен тоа, еден навистина сладок факт е дека голем дел од кларинетистите во Македонија, особено основци, средношколци и студенти учат од мојот албум и ми кажуваат преку пораки дека сум бил нивен идол и дека сакале да свират како мене.

● Во Шведска живееш и работиш веќе 15-ина години. Успеа





↑На почетокот од 2020 година Благој Ламњов настапи со Симфонискиот оркестар на Норшопинг, Шведска

да го прифатиш нордискиот менталитет, или, пак, можеби со топлиот звук што излегува од твојот кларинет Швеѓаните ги привлекуваш кон медитеранскиот амбиент?

- Апсолутно, мојот менталитет е драстично променет од кога се преселив во Шведска до сега, а тоа е затоа што јас самиот одлучив така. Многу научив од овој народ, не само за музиката, туку научив многу и за себе и за општеството во кое живееме. Шведска има многу интелигентна нација, полна со искреност, морал, емпатија, совест, достоинство, трпение, разбирање, одговорност, и сè друго што е потребно да го има мнозинството од народот на овој свет за едно попитомо општество. Ова убаво шведско општество, за кое ние на Балканот сме слушале со години наназад, е изградено баш врз овие карактеристики што ги набројав. И кога човек од Балканот ќе ја вкуси таа искреност и тоа питомо однесување на друго човечко суштество, сфаќа дека тоа е тоа што ни недостасувало во нашата родна земја и затоа сме си заминале. И така го прифаќа шведскиот менталитет и учи, затоа што навистина има што да се научи од шведскиот народ.

Секако дека им се допаѓа и енергијата од јужноевропските и балканските земји и отворени се за делумно прифаќање на нашиот менталитет, сè додека тој нивни висок морал и детска искреност не почне да паѓа на нивото на Балканскиот.

Тука стигнуваа информации дека Шведска има најлиберален однос кон пандемијата со коронавирусот. Дали навистина беше така?

- Да, навистина е така. Сè функционира нормално, освен факултетите, театарските претстави и концерти, и такви слични случувања каде што се собира поголема бројка луѓе во една просторија. Исто така, слушнав дека оние на кои работата им е на компјутер, сега работат од дома. Секој е оставен слободно да живее како што сака, но треба да е свесен за целава ситуација и ако е болен да нема контакт со други луѓе. Интересно е што на доктор не им прават тестови на сите болни со симптоми на корона, туку само на тие што се во полоша состојба. Интересна земја е Шведска.

Како лично ја прифати неможноста да го посетиш родниот Велес поради затворените граници во овој период?

- Искрено, тоа воопшто не ме погоди, затоа што мислите повеќе ми беа зафатени со грижа кон целиот свет и некако немав време целиот овој период да сфатам дека не можам да си дојдам дома. Тоа не ми создава никаква грижа и нервоза. Некако се програмирав да живеам од ден за ден и мислам дека таа теорија е многу добра. Благодарение на модерната технологија, контактот со најблиските се одржува како и вообичаено. Но, кога ќе заврши ова и ќе си дојдам дома на одмор и ќе ми биде мило да ги видам позитивните промени кај луѓето. Се надевам, ќе владее поголема трпеливост, толеранција, меѓусебна поддршка, љубов, разбирање.

Тешко е да се зборува за концерти, но правиш ли некакви планови за концертна промоција на твојот албум во Македонија? Или, можеби, овој период го користиш за подготовка на втор албум?

- И едното и другото. Планови за неколку концерти во Македонија веќе подолго време правам и се надевам дека во наредниве две години ќе успеам да ја реализирам таа мала турнеја. Ми недостасува да свирам дома, ми недостига таа македонска енергија и возбуда што публиката знае да ја створи, било да е во концертна сала, или некој клуб или паб. Таа е една од главните причини кои ми ја зајакнуваат желбата за повеќе настапи во Македонија во иднина.

Вториот албум го подготвувам веќе четири месеци и се надевам да го снимам во 2021 година, рана пролет. Албумот ќе се движи во истиот правец како што беше „Носталгична љубов“, ќе го задржам чистиот звук и нема да употребувам никакви помошни електронски алатки. Сметам дека еден албум во кој главна улога има акустичен инструмент, во случајов кларинет, треба да звучи исто како кога музичарот свири концерт во живо. Електронски ефекти и студиско дотерување и „шминкање“ на тонот, како и помош од електронски звуци од синтисајзер не почитувам. Мислам дека затоа првиот албум е така добро прифатен, поради таа чистина и искреност во свирењето.


Кларинетот го сакаш затоа што...

- Мислам дека сите професионални музичари почнале да свират одреден инструмент поради некој постар музичар кој им го привлекол вниманието и станал нивни идол. Тој мој идол беше мојот постар брат, кој почна да свири кларинет кога јас имав четири години. Така го засакав кларинетот. Кога имав девет години веќе сакав едноставно да бидам како брат ми. „Сакам да свирам како бато!“, реков на приемниот испит во основното музичко училиште во Велес. Потоа следеа други предлози од страна на комисијата, но јас не попуштив сè до моментот кога сите се насмевнаа и се согласија да ме запишат на инструментот кларинет. Ете ден-денешен, 27 години подоцна, јас сум овде каде што сум и го живеам овој возбудлив живот полн со почит од страна на општеството кон мене, благодарение на мојот брат Кирил. И секогаш кога некој ќе го изговори зборот „кларинет“ првата асоцијација ми е брат ми.

Носталгична љубов.

Звучна панорама на македонската етно-ризница

•Албумот „Носталгична љубов“ (2019) на Благој Ламњов е објавен во Шведска и носи англиски наслов „Nostalgic Love“ со намера полесно да допре до поширок музички пазар. Содржи десет нумери, од кои четири се директно инспирирани од македонската ризница на изворни песни. Композициите имаат одлични аранжмани, снимени се во „Гула студио“ во Малме, Шведска, комплетниот звук е на Давид Карлсон, а продукцијата на Благој Ламњов. Во снимањето на албумот учествувале шведски студиски музичари, додека со глас се појавуваат и Александар Сашко Кукулев и Благој Ламњов. Албумот содржи звучна панорама од македонски фолклорни мотиви до извонредни џез-композиции.



Многу научив од народот во Шведска, не само за музиката, туку научив многу и за себе и за општеството во кое живееме

Разговор

Панде Манојлов
поет, раскажувач и новинар

Поетски меридијани.

Душата ја предадов на царството на поезијата

Естетика Битолскиот поет, раскажувач и новинар, Панде Манојлов своите поетски слики, визии и пораки ги изразува на традиционален начин, без стилски експерименти, но со огромна доза на благородност и човекољубивост

Тони Димков

Ретко ќе сретнете личност која со огромна страст пристапува кон пишувањето на секој еден збор. Во последно време ретки стануваат и луѓето кои социјалните медиуми ги користат за убава мисла и со добри намери.

Битолскиот поет, раскажувач и новинар, Панде Манојлов, во чест на Меѓународниот ден на децата (1 јуни) на својот фејсбук-профил објави стихови посветени на најмладата генерација. Во изминативе неколку години истото го прави и со свои песни наменети за повозрасните читатели. Сите ги илустрира со внимателно избрани уметнички фотографии. И сето тоа го прави за да не заборави дека е човек и писател.

● Дали тоа значи дека одлучивте социјалните медиуми да ги користите за убави работи, наспроти многу други, дури и вулгарни постови што се појавуваат на нашите „сидови“?

- Во Битола живеат повеќе од десетина писатели, членови на ДПМ. Еден од нив е и познатиот македонски писател и академик Владимир Костов. Тој е мој духовен татко, учител кој и како млад ме подучувал, како првен да се биде човек, а потоа писател. Тој вели дека мора да се трпи и трпението да се прифати како лек за душата. Но, мора да се пишува катадневно: романсиерот треба најмалку една страница дневно да напише како дел од својот роман, а поетот барем еден стих или неколку стихови дневно... За да не заборави дека е писател.

Мислам дека ова е трета година како објавувам речиси катадневно по една нова песна на мојот фејсбук-профил. И за себе, за мојата душа, но и за пријателите што ме познаваат. Некогаш ќе ми напишат како коментар збор на пофалба, некогаш ќе стават и по некоја забелешка. Кога ја нема литературната критика во нашата држава во вистинска смисла на зборот, и ова е добро. Од сто „лајка“ верувам дека барем дваесетмина ве прочитале.

Поезијата никому не штети, често си велам, зошто мојата песна да биде прочитана само во некое наше списание, кое излегува два броја годишно во тираж од стотина примероци? Колку тоа е достапно за читателската публика? Кој таму ќе ме прочита? Вака, социјалните мрежи се на располагање. И морам да кажам пофалба за нив, зашто стотина мои песни, благодарејќи на фејсбукот, се преведени и објавени на повеќе јазици во светот: англиски, француски, арапски, бугарски, српски, унгарски... Вулгарностите на „сидовите“ се грозни и не ги поднесувам. Кога би бил цензор, сигурно би ги цензорирал.

● Актуелен лауреат сте на наградата за поезија „Ацо Шопов“ на ДПМ. Во образложението за наградата стои дека поезијата во стихозбирката „Јужни реки“ се одликува со „редок, искрен лиризам“. Дали на тој начин ја гледате функцијата на поезијата во современото општество?

- Благодарен сум на ДПМ и Комисијата за доделувањето на престижната награда „Ацо Шопов“ за 2019 година. Комисијата беше составена од еминентни македонски поети и писатели што знаат што вреди. Но, тоа не значи дека и книгите на другите колеги и колешки што конкурирале, не се вредни. Напротив. Но, една е наградата и неделива. Притоа, да не заборавам во пригодава да спомнам дека оваа награда го носи името на нашиот голем поет Ацо Шопов и поетската книга што го добива ова признание, треба да биде на рамниште на Ацошоповите „Очи“. Очи што нè гледаат, што нè следат по кои патишта сме заталкале во поезијата: побитна, поубава ли е песната за лажицата и виљушката кои ги употребуваме секој ден, таа песна ли е ангажирана или песната во која го опишувате животот, мигот на живеење во вашата татковина? Да очекуваме за нашата Македонија и нашето македонско битисување да пишува некој друг од друга држава? Зарем, во тој случај, нема да ни се лути Константин Миладинов, Коста Рацин, Блаже Конески?



Ќе продолжам да пишувам и објавувам, со добра мисла за љубов и разбирање меѓу луѓето, но и за моето, нашето македонско убаво небо и поднебје

Го сакам, од срце го сакам сиот свет и сите луѓе на светот, но малку помила ми е мојата татковина и мојот народ. Лирски, лирично ги љубам, макар и да ме обвинат дека сум национал-патриот, дека не сум „кул“, дека не сум современ и ангажиран поет кој го опева тркалото од нулата или влегувањето на лажицата и виљушката во устата.

● Повеќе од 50 години се занимавате со пишување и раскажување. Успеавте ли досега да ги раскажете сите приказни и да ги напишете сите стихови што се појавиле во вашите мисли?

- Во 2021 година се навршуваат точно педесет години од излегувањето од печат на мојата поетска книга „Црвен немир во црвено пламти“. Но и пред тоа многу мои песни беа објавени во некогашните весници „Студентски збор“, „Млад Борец“, „Нова Македонија“. Имаше солидни уредници, кои на младите им даваа поттик да создаваат, да творат... Исто како што сега „Слободен печат“ успева да даде солиден третман на културните збиднувања во нашата татковина, да биде регистратор на настаните, печатено сведоштво за идните поколенија.

Пишувам повеќе од половина век. Објавив триесет книги. Повеќе мои песни се препеани на арапски јазик и некои од нив се застапени во учебниците на државата Палестина... И на други јазици, секако. Се гордеам и со мојата стихозбирка со наслов „Мајчин јазик“ (La langue maternelle) објавена во Париз, Франција, во 2018 година напоредно на француски и македонски јазик. Издавачот е тамошен, што значи не е издадена во стилот „јас тебе - ти мене“. Тие песни и самиот наслов многу зборуваат и за актуелната состојба со признавањето и непризнавањето на македонскиот јазик. За жал, книгата остана незабележана кај нас. Но, трпение. Ќе продолжам да пишувам и објавувам. Со добра мисла за љубов и разбирање меѓу луѓето, но и за моето, нашето македонско убаво небо и поднебје.

● Речиси 25 години бевте дел од редакцијата на „Битолски весник“. Колку новинарството ви помогна во пишувањето? Или можеби беше обратно?

- Точно до ден, цели 25 години бев во „Битолски весник“. Речиси девет години како директор и главен и одговорен уредник, а потоа уредник на рубриката за култура. Но, велам со гордост: бев новинар кој бележел, коментирал, интервјуирал значајни личности на Битола, но и пошироко од Македонија. За жал, сето тоа остана на страниците на овој драг весник, кој и денес се печати во Битола. Сладок занает, но често и со горчливо филџан кафе почестен. Ја работиш работата со љубов, а платата мала...

Многу од македонските писатели, членови на ДПМ, биле новинари. Новинарството и писателството се како побратими или посестрими. Помага, секако, во иста фела си. Но, сега како пензионер, без работни обврски, целосно душата ѝ ја предадов на царството на поезијата за возрасни, но и за деца и млади. Ден денувам, цар царувам.

Македонска музичка сцена.



↑ Фотографија **Роберт Атанасовски**

Имаме релевантна и голема рок-сцена

Архива Авторот на првата „Македонска рок енциклопедија“, Тошо Филиповски, неуморно продолжува да го шири дијапазонот на активности поврзани со собирањето и архивирањето предмети и факти од македонската рок-сцена

Повеќе од 30 години Тошо Филиповски е активен и пасиониран собирач на музички артефакти, изданија (винили, касети, компакт-дискови, ленти) и информации (списанија, фанзини, постери, флаери) за македонската рок-сцена. Последниве 20-ина години беше обземен со идејата да направи енциклопедија на рок-музиката, верувајќи дека во Македонија има огромно музичко богатство, кое треба да биде ставено во некакви рамки. Резултат на неговиот ентузијазам беше првиот том на „Македонска рок енциклопедија“ (1963-2018), што го објави во 2018 година. Енциклопедијата содржи текстови за 333 бенда, повеќе од 2.500 музичари, 400 фотографии и повеќе од 1.000 дискографски единици на околу 500 страници. Во иднина планира да објави уште два тома на енциклопедијата.

Грандиозниот потфат со рок-енциклопедијата на Филиповски му дава дополнителен ентузијазам, искуство и храброст да продолжи со својата животна мисија посветена на рок-музиката. Во 2019 година објавува уште една капитална книга. Првиот том на книгата „Македонска дискографија: Винили (1958-2019)“ го отпечати во тираж од 800 примероци. На насловната страница е Софија Филиповска, 11-годишната ќерка на Тошо, а дизајнот е на Ѓокица Зафировски. Книгата, на 476 страници, претставува 333 посебни единици. Во книгата комплетно се презентирани околу 230 винилни изданија (самостојни и заеднички) на македонски артисти и бендови. Дополнително се посочени и околу 70 винилни изданија (компилации) на кои се застапени теми/песни/ленти на македонски артисти и бендови. Има 1.500 фотографии во боја, но и многу информации за самите изданија. Жанровски, монографијата ги претставува винилните изданија со рок, џез, блуз, електроника, хип-хоп, светска музика, поп-рок, панк, хеви-метал, реге, ска, фанк, соул музика.

Следното големо дело што Филиповски го најавува за септември оваа година е првиот том од „Македонски рок-времеплов“. Станува збор за книга со енциклопедиски карактер што ќе содржи 1500+ датуми кои ја детерминираат македонската музика.

Во меѓувреме, активно користејќи го карантинскиот период во кој е втурната целата држава, Филиповски иницираше гласање преку социјалната мрежа Фејсбук за избор на 100 македонски албуми/песни кои најсилно останале во меморијата на слушателите.


- Се обидовме со гласовите од околу 300 луѓе да создадеме една листа на 100 нај (слушани, сакани, значајни, влијателни) македонски песни и албуми. Од самата листа произлезе и создавање еден регистар на изданија, кој го дополнувам секојдневно. Засега, само кај официјалните изданија, ја надминав бројката од 2.000 изданија, а сум далеку од крајот. Листата е само иницијација за некој следен, многу пообемно и поквалитетно организиран, национален избор – вели Филиповски.

На листата по првото гласање имало околу 900 песни и 500 музички изданија од кои била составена финалната листа. Крајната цел на листата не е да рангира, туку да покаже дека во Македонија имало и има релевантна и голема музичка сцена. Ентузијазмот и меракот на Тошо Филиповски не завршуваат тука. Покрај објавата на енциклопедиски книги, негова голема желба е да успее да создаде истражувачки центар, музеј или архив посветен на историјата на македонската музика.



Листа со 100 македонски албуми/песни:

- 1. Мизар - Мизар 12“ (ЛП)
- 2. Архангел - Архангел 2 (МС)
- 3. Анастасија - Пред дождот (ЦД)
- 4. Архангел - Архангел 12“ (ЛП)
- 5. Мизар - Свјат Dreams 1762 - 1991 12“ (ЛП)
- 6. Санаториум - На работ на разумот (МС)
- 7. Леб и сол - Као какао 12“ (ЛП)
- 8. Леб и сол - Леб и сол 2 12“ (ЛП)
- 9. Бастион - Бастион 12“ (ЛП)
- 10. С.А.Ф. - Сафизам (ЦД)
- 11. Леб и сол – Леб и сол 12“ (ЛП)
- 12. Архангел - Heart Core (ЦД)
- 13. Стринг форсис - Изохронија (ЦД)
- 14. Ласт експедишн – Ласт експедишн (ЦД бокс)
- 15. Конкорд - Have The Blues 12“ (ЛП)
- 16. Ласт експедишн - Изгубени ликови (МС)
- 17. Суперхикс - Чекај бе, викам....каде бе малку! (ЦД)
- 18. Т.Б. Трачери - Клати и Тркалај (ЦД)
- 19. Чиста Околина - Новиот аспект на старата школа (МС)
- 20. Don‘t! Who? One. - Higherground (МС)
- 21. Леб и сол – Ручни рад 12“ (ЛП)
- 22. Bernays Propaganda - Happiness machines 12“ (ЛП)
- 23. Бодан Арсовски - Endless View (ЦД)
- 24. Ден за ден – Ден за ден 12“ (ЛП)
- 25. Lola V. Stain - Мансарда/ Икона (ЦД)
- 26. Анастасија - Ноктурнал (ЦД)
- 27. Suns – Мојот сон е само мој (МС)
- 28. Верка - Моторни песни (ЦД)
- 29. Чоканче 1 & 2 (МСх2)
- 30. Мозаик - Мозаик (ЦД)
- 31. Мизар - Кобна убавина (ЦД)
- 32. Влатко Стефановски и Мирослав Тадиќ - Крушево (ЦД)
- 33. Фолтин – Архимед (ЦД)
- 34. Brigade O.D. - Smash the army before they smash you! (МС)
- 35. Анастасија - Мелургија (ЦД)
- 36. Падот на Византија - Почеток и крај 12“ (ЛП+ЦД)
- 37. Патика - Ео-Ео 12“ (ЛП)
- 38. Фолтин - Ло-ле-та-тоо (ЦД)
- 39. Флукс - Старо аро (ЦД)
- 40. Архангел - Небесна машина (ЦД)
- 41. Т.Б. Трачери - Купи ме (ЦД)
- 42. Bernays Propaganda - Политика 12“ (ЛП)
- 43. Тоше Проески - Игри без граници (ЦД)
- 44. Ареа - Врати на имагинацијата (ЦД)
- 45. No Name Nation - У пичку матер (ЦД)
- 46. ПМГ Колектив – Резонатор (ЦД)
- 47. Bernays Propaganda - My personal holiday 12“ (ЛП)
- 48. Зијан - Низводно (МС)
- 49. Студени нозе - Нејќу колор телевизор!!! (МС)
- 50. Д.Н.О. - Тишина (ЦД)
- 51. Горан Трајкоски - Тешкиот глас на новите химни (ЦД)
- 52. Foolish Green - Escape (ЦД)
- 53. Апореа - На Реках вавилонских (МС)
- 54. Бадмингтонс - После мене што ти е гајле (МС)
- 55. Меморија - Оган под ѕвездите 12“ (ЛП)
- 56. Мизар - Поглед кон цветната градина (ЦД)
- 57. Ристо Бомбата и Кучешка тенија - Има ли тесна? (МС)
- 58. Bernays Propaganda - Втора младост, Трета светска војна (ЦД)
- 59. Xavier Acid - И по Тито - Техно (МС)
- 60. Кирил - Homebound (ЦД)
- 61. Кисмет - Dreaming (ЦД)
- 62. Т.Б. Трачери - Шлагери од содома (ЦД)
- 63. Киборг s/t (МС)
- 64. Суперхикс - Трумано (ЦД)
- 65. Александар Македонски – За херои и принцези 12“ (ЛП)
- 66. Синьак Timeless gathering (ЦД)
- 67. Смут - Мемоарите на скршениот човек (ЦД)
- 68. Bernays Propaganda - Забранета планета 12“ (ЛП)
- 69. Д’Далтонс - De Luxe (ЦД)
- 70. Драган Ѓаконовски - Шпато s/t 12“ (ЛП)
- 71. Фронтал кортекс - Ignorance and knowledge (ЦД)
- 72. Јаков Дренковски - C‘est La Vie 12“ (ЛП)
- 73. FxPxOx - Не знаеш што е тоа човек 12“ (ЕП)
- 74. Рок Агресори - Ебена антикултура (МС)
- 75. Pluto‘s Doubt - Сизиф (ЦД)
- 76. Ексик - So many loves (ЦД)
- 77. Културно Уметнички Работници - К.У.Р. (ЦД)
- 78. Фолтин - Пијан славеј (ЦД)
- 79. Ласт експедишн - Интро (МС)
- 80. ХаХаХа - Сами мажи и жени 12“ (ЛП)
- 81. Тело-Наука Совршена - Кадис (МС)
- 82. Бис-Без - Дал да плачам ил да пејам (МС)
- 83. ХаХаХа - Сиромашни и богати 12“ (ЛП)
- 84. Фолтин - Оваа трансплантирана машина за чукање... (ЦД)
- 85. Клержо - Ритуал и пепел (МС)
- 86. Бумбикс - Во оазата на мирот (ЦД)
- 87. Кирил - Religion & Sex (ЦД)
- 88. Bei The Fish - Time to make things right (ЦД)
- 89. Паркети - Грижа на совеста (МС)
- 90. Хип - The Songs about books and flowers (МС)
- 91. The John - The Waufvw!!! (ЦД)
- 92. Мугер Фугер и Горан Трајкоски - Во она време 12“ (ЛП)
- 93. My Tear - My Tear 12“ (ЛП)
- 94. Темпера - Играј! (ЦД)
- 95. ХаХаХа - Танго Револуционер 12“ (ЛП)
- 96. Автограм - На југ (МС)
- 97. Кристо Роџевски Batania 12“ (ЛП)
- 98. Мугер Фугер - Мугер Фугер (ЦД)
- 99. Гуру Харе - Overdose од блуз (ЦД)
- 100. Бла-Бла-Бла – Бла-Бла-Бла (ЦД)




Книжевна промоција.

Приказни меѓу јавето и илузијата

Книгите „Волшебната авантура“ и „Одмаздата на богомолката“ од Оља Петрушевска - Томева беа промовирани на 4 јуни во паркот пред КИЦ - Скопје. Авторката Оља Петрушевска - Томева е дипломиран правник и магистер по европско право и интеграции, но, пред сè, е мајка, сопруга, домаќинка, пријателка, емпатична човекољупка, поборничка за здрав живот и чиста животна средина, авантуристка, фантазерка и, едновремено, реалистка.

Книгата „Волшебната авантура“ е прва литературна објава на Оља Петрушевска - Томева и ја сочинуваат два раскази. Едниот насловен „Волшебната авантура“, како што е и насловот на книгата, а другиот „Јас, Ана и нашето детство“. Книгата „Одмаздата на богомолката“ е роман за возрасни, во кој како главен мотив е приказна меѓу јавето и илузијата. Авторката во светот на илузијата ги осознавала болката и љубовта, ги допрела животите на многумина учесници на истата, задржувајќи го авторското право до самиот крај да не води низ лавиринти измешани од минатото и сегашноста. Книгите ги промовираше Татјана Гогоска, водителка на промоцијата беше Елена Максимовска, а во драмската игра учествуваа Марко и Филип Томеви.

Магични приказни.



Урбана авантура за современите несовршености

Издавачкиот центар „Три“ ја објави книгата „Лили, сама“ од англиската авторка Џеклин Вилсон. Книгата е дел од едицијата „Магични приказни“, поддржана од програмата „Креативна Европа“ на Европската Унија, а преводот на македонски јазик го направи Ацо Пероски.

Романот „Лили, сама“ е урбана авантура која го поставува најважното прашање кон родителите, но и децата – каква е личната одговорност и општествената правда кога улогите на децата и родителите се сменети? Кога самобендисаната мајка на Лили заминува на одмор во Шпанија со новото момче, Лили останува сама со своите сестри и малото братче. Одговорната Лили смислува план како да ги забавува најмалите членови од своето семејство, а воедно и да ја скрие тајната дека се сами... Тргнуваат на кампување во големиот градски парк, каде што ќе се случи незгода која ќе доведе до вмешување на органите за посвојување и полицијата. Книга за современите несовршености и проблеми на едно семејство, која тера на размислување.

Авторката Џеклин Вилсон е една од најпознатите современи англиски романсиерки, авторка на голем број бестселери за деца преведени на над 30 јазици. Во периодот 2002 - 2008 е прогласена за една од најчитаните автори во библиотеките. Родена е во Сомерсет, но поголемиот дел од детството го поминала во Кингстон, на Темза. Од мала читала и пишувала, а својот прв „роман“ од 21 страница го напишала на девет години.

Хрватска современа проза.



Митологија на секојдневјето во „Клуб на обожаватели“



Издавачката куќа „Антолог“ ја објави книгата „Клуб на обожаватели“ од хрватскиот автор Горан Трибусон. „Клуб на обожаватели“ донесува четири раскази во кои се раскажуваат неколку необични судбини, смешни и полни со пресврти, судбини за неколку веќе средовечни другари од приградската населба Плинара.

Горан Трибусон (1948) е хрватски писател. Магистрирал филмологија. Работел како уредник во „Школска книга“. Редовен професор е по филмско сценарио. Пишува телевизиски и филмски сценарија. Член е на Хрватската академија на науките и уметностите.

- Критичарите го декларираат како еден од најважните претставници од генерацијата на борхесовците. Неговите романи се автобиографски и генерациски, со елементи од популарната култура и од митологијата на секојдневјето. Со својот однос кон минатото и зборувањето за сегашноста, „Клуб на обожаватели“ потсетува на најдобрите страници на Трибусон, авторот што со своето чувство за доловување на стварноста и живописноста на дијалозите ги исполнува централните простори на хрватската проза свртена кон секојдневјето – велат од „Антолог“.

Во изданието на „Клуб на обожаватели“ на македонски јазик преводот од хрватски е дело на Владимир Јанковски, а графичкото уредување е на Марко Трпески. Книгата е објавена во рамките на проектот „Читаме заедно!“ со поддршка на програмата „Креативна Европа“ на Европската Унија.



Спорт

• Мислам дека јас сум единствениот тенисер на Адрија тур што веќе играл натпреварувачки мечеви. Играв во про-серијата во Австрија и тоа индицира дека ќе бидам најдобро подготвениот тенисер во Белград.

Доминик Тим, австриски тенисер



Тенис Турнејата на Новак Ѓоковиќ полн успех



Огромен интерес за Адрија тур

Првите 1.000 билети за турнирот во Белград се продадени за седум минути. Ќе се игра и во Хрватска, Босна и Херцеговина и во Црна Гора, а ќе настапат Доминик Тим, Александар Зверев, Григор Димитров, Борна Ќориќ, Марин Чилиќ

Првите 1.000 билети за турнејата Адрија тур се продадени за само седум минути, бидејќи има огромен јавен интерес за настанот што ќе почне на 13 јуни во Белград. Во средата, првите 1.000 билети за Адрија беа пуштени во продажба и беа продадени за само неколку минути.

На фановите ќе им биде дозволено да присуствуваат на настанот, но ќе бидат потребни заштитни мерки и социјално растојание. По враќањето од Марбела, светскиот рекет број 1 го почна овој настан, кој ќе трае од 13 јуни до 5 јули.

Планот е да се одржи Адрија тур низ четири земји - Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Првата станица ќе биде Белград (13-14 јуни), каде што главен белег ќе биде настапот на 17-кратниот грен-слем шампион Ѓоковиќ. Ќе учествуваат силни играчи, годинашниот вицешампион на Австралија опен, Доминик Тим, светскиот рекет број седум Александар Зверев и најдобриот бугарски тенисер Григор Димитров.

Се очекува да играат и шампионот на САД опен 2014, Хрватот Марин Чилиќ, неговиот сонародник Борна Ќориќ и поранешниот светски рекет број 12, Виктор Троицки. Тим, Зверев и Димитров, исто така се очекува да играат во Белград, како и домашниот фаворит Троицки. Двајцата Хрвати Чилиќ и Ќориќ се очекува да играат кога турнејата ќе се пресели во Задар (20-21 јуни). Потоа следува Црна Гора (27-28 јуни), и на крајот Бања Лука (3-4 јули). Адрија тур ќе биде хуманитарен настан и сите собрани пари ќе бидат дистрибуирани на оние што имаат потреба од нив.

Ѓоковиќ е благодарен за поддршката што ја доби за овој настан. Уште 1.000 билети ќе бидат достапни денеска.

- Ви благодарам на сите за ваквиот интерес и за желбата да бидете дел од Адрија тур. Со купување билети ќе имате можност да го видите Новак Ѓоковиќ и некои од најдобрите тенисери во светот. Во исто време, сите што купиле билети, им помогнале на програмите за унапредување на раниот развој на нашите деца, кои во Србија ги спроведува Фондацијата „Новак Ѓоковиќ“. Тој им се заблагодари на сите играчи, кои се обврзаа да играат и решија да бидат дел од хуманитарната манифестација.

Италија.

Фудбалот се враќа со дерби натпревар Јувентус - Милан

Италијанската влада го одобри барањето на раководството на Серија А за преместување на датумите на натпреварите од Купот на оваа земја. Раководството на лигата достави барање да ги премести полуфиналните натпревари од Купот за еден ден, а „Скај спорт Италија“ тврди дека владата го одобрила барањето.

Така, фудбалот ќе се врати на Апенините следната недела, а според најавите во петок (12 јуни) со спектаклот во полуфиналето од Купот на Италија помеѓу Јувентус и Милан. Еден ден подоцна е закажано второто полуфинале, во кое ќе се сретнат Наполи на македонскиот репрезентативец Елиф Елмас и Интер, а финалето ќе се игра на 17 јуни.

Тие се реванш натпревари од полуфиналето на Купот. Првите натпревари се одиграа во февруари: Милан-Јувентус 1-1, Интер-Наполи 0-1. Треба да се напомене дека сезоната во Серија А се очекува да продолжи на 20 јуни.

Ракомет Нашите во светот



Шундовски на клупата на Ал Рајан од Катар

Поранешниот македонски селектор Звонко Шундовски има нов клуб во тренерската кариера, станува збор за катарскиот прволигаш Ал Рајан. Сезонава Ал Рајан се наоѓаше на петтото место со осум бодови, три помалку зад водечкиот Ал-Араби.

Звонко Шундовски претходно на клупски план ги водеше уште Пелистер, Металург и романските екипи Констанца, ЧСМ Букурешт и Доброгеа Суд. Потсетување дека со нашата најдобра репрезентација го оствари најголемиот успех на европските шампионати освојувајќи го петтото место. Исто така беше селектори и на селекцијата на Израел во периодот од 2017 до 2018 година.



Кошарка КФСМ

МЗТ Скопје ќе тужи ако не му бидат вратени 17.000 евра

• МЗТ Скопје Аеродром и Кошаркарската федерација на Македонија (КФСМ) ја продолжуваат војната по одлуката да не биде прогласен шампион. Тимот од Аеродром бара да му бидат вратени парите, нешто повеќе од 17.000 евра кои се уплатени во касата на КФСМ. Доколку парите не бидат вратени за три дена, МЗТ Скопје најавува правна постапка и тужба за претседателот на КФСМ, Перо Антиќ.

- МЗТ Скопје Аеродром би сакал да ја извести јавноста дека останува доследен на своите заложби искажани во периодот во кој челниците на Кошаркарската федерација на Македонија (КФМ) правеа сè што можеа да ја поништат сезоната 2019/20 без да прогласат шампион, па денеска и официјално испрати допис до Куќата на кошарката, во кој си ги бараме сите пари што ги уплативме на нивната сметка од почетокот до прекинот на првенството. Правните соработници на нашиот клуб сметаат дека со одлуката за поништување на сезоната се оштетени нашата, но и сите други прволигашки екипи, на кои им е нанесена голема материјална штета. МЗТ Скопје Аеродром до средината на март на сметка на КФМ уплати 1,06 милиони денари (нешто повеќе од 17.000 евра), кои бараме да ни бидат вратени од страна на Перо Антиќ и од неговите соработници и тоа во рок од три дена - се вели меѓу другото во дел од соопштението.

Забава

Хороскоп.

Овен
21.3 - 20.4.



• Денес можете да завршите навистина голема работа. И самите ќе бидете изненадени колку на крајот сето тоа поминало без тешкотии од кои сте се плашеле и сте ги очекувале. Сепак, во другиот дел од денот ќе можете да се чувствувате како „издувен балон“ и малку е веројатно дека ќе бидете во поттикнувачко расположение кога партнерот ќе предложи средба или излегување.

Бик
21.4 - 20.5.



• Важна понуда доаѓа до вас и вие имате големи очекувања. Како што денот ќе одминува, вие ќе се чувствувате сè подобро и ќе можете да завршите многу повеќе работа од она што сте го планирале. Ќе бидете особено добро расположени и великодушни кон саканата личност. Денот ќе биде исполнет со среќа и задоволства. Прекрасен викенд ви претстои.

Близнаци
21.5 - 21.6.



• На приватно поле, своите грижи ќе им ги препуштите на другите и ќе се свртите кон секојдневието. Така ќе си ја олесните душата и ќе станете реални. На професионално поле, оние чија работа не е конкретна, ќе имаат одлични достигнувања. Другите и натаму ќе го слушаат својот внатрешен глас и ќе им биде одлично.

Рак
22.6 - 22.7.



• Од вас се очекува да направите повеќе од другите, што, во извесна смисла, ви ласка, но исто така ве вознемирува. Понекогаш треба да ги потиснете чувствата за да ги видите појасно сите опции и да видите добро решение. Направете го тоа денес. Не е лесно да се зачува индивидуалноста.

Лав
23.7 - 23.8.



• Не му ја пренесувајте нервозата на вашиот партнер и не заборавајте и него да го прашате како му поминал денот. Доколку сте во врска ќе имате монотон ден, но доколку во претходните денови имавте некоја авантура тогаш ве очекуваат изливи на страст. Денес некоја Водолија или Стрелец може да ви го привлече вниманието.

Девица
24.8 - 23.9.



• Работите доаѓаат во рамнотежа и се движат со вообичаен тек. Успеавте да се договорите и сега одите понатаму. На професионално поле, она што потајно сте го истражувале, денеска се отвора и добивате договори и решение на таа тема. Ова ќе го употребите за да го комплетирате успехот.

Вага
24.9 - 23.10.



• Доколку се занимавате со приватна работа, поволна ви е ситуацијата за промени и нови одлуки денеска. Постои дистанца меѓу вас и личноста која ви значи. Важно е да бидете подготвени и за крај. Враќање кон поранешната љубов ве очекува во следниот период.

Скорпија
24.10 - 22.11.



• Денес ќе имате можност да се истакнете, па искористете ја без двоумење. На работното место ќе имате помалку обврски, најмногу бидејќи поголемиот дел сте ги завршиле порано. Во љубовта слушајте ги вашите инстинкти. Тие речиси никогаш не ве лажат. Денес успешно ќе ги избегнувате сите конфликти.

Стрелец
23.11 - 21.12.



• Одвај ќе чекате да заминете кај партнерот, да го прегрнете и да го почувствувате мирот кој може да ви го овозможи само тој. Постојано правите пресметки и не знаете како да почнете повеќе да штедите. Насочете се кон правење план за тоа што навистина ви е неопходно, а што не.

Јарец
22.12 - 20.1.



• Се обидувате да го промените вашиот модел на однесување, но исто така чувствувате потреба некој да ве поддржи во деловните визии што ги имате. Расположението меѓу соработниците варира, треба да осмислите добар настап. Во емоционална смисла, најдобро е сè да оди во свое време.

Водолија
21.1 - 18.2.



• Сакате да напредувате на повеќе полиња од вашиот живот, но сепак денес ќе бидете повеќе насочени кон работата. Во овој момент мотивацијата ви се и парите. Без разлика дали го избегнувате контактот со партнерот или не, некогаш ќе мора да се соочите со оние работи кои ве мачат.

Риби
20.2 - 20.3.



• На работа се чувствувате премногу ангажирано. Можеби е момент да застанете малку со големите планови. Во денешниот ден не размислувајте премногу за пари. Оние кои се во брак, мора да водат сметка за верноста. Ве привлекува авантура. Оние кои се сами, ново познанство.

ВИЦОВИ.

ДЕНАР

По 10 години, Трпе се враќа од печалба во Германија. На аеродромот го чека целото семејство. Мајка му го здогледува Трпе и се стрчува кон него, но тој ѝ удира шлаканица. По неа се затрчува и сестра му, а Трпе и нејзе ѝ удрил шлаканица. Истото го направил и со братот. На крајот доаѓа татко му и го прашува:

- Добро, бе, Трпе, што ти е тебе, зошто на сите ни удираш шлаканици?

Трпе одговара:

- Како зошто?! 10 години сум во Германија, денар не сте ми пратиле!

ПАЛАЧИНКИ


Се шетале две крофни по улица и сретнале една палачинка.

Едната крофна ѝ рекла на другата:

- Види ја женскава, сигурно била на фитнес.

МАКАРОНИ

Отишле две макарони на матичар да се венчаат и матичарот



им рекол:

- Како да ве венчам кога двете сте макарони од ист пол?

А едната макарона веднаш му одговара:

- А, не јас сум макарона со јајца.

ИМЕ

Таткото оди со бебето во количка на прошетка, а бебето постојано вреска, па таткото само вели:

- Смири се, Перо, смири се, Перо.

Бебето продолжува да вреска, а таткото продолжува да зборува:

- Смири се, Перо, смири се, Перо.

Сето ова го гледа една баба, му приоѓа на човекот па му вели:

- Колку прекрасен татко сте вие, а дали името на детето е Перо?

- Не. Моето име е Перо...

ИСПИТ

На факултет за теологија идни попови полагаат испит.

Излегува еден од испит и колегата го прашува:

- Што полагаше?

- Крштевка...

- И што направи?

- Ништо, ме бутна.

- Што ти падна?

- Бебето!

Деновиве пред години.







1878. Роден е мексиканскиот револуционер Франсиско Панчо Виља, кој го предводеше селанското движење во Мексиканската револуција од 1910 до 1917 година. Беше убиен во 1923 година од политичките противници во местото Идагло дел Парал, во мексиканската државава Чивава. Во 1966 година беше прогласен за мексикански национален јунак.

1944. Кај селото Кушкулија, Струмичко, како заменик-командант на Вториот баталјон на Третата македонска НОУ бригада, учествувајќи во борбите против бугарскиот окупатор, загина Панче Пешев, македонски композитор и хороводител. Покрај другото, автор е на најубавата и најпопуларна македонска борбена песна од НОВ, Марш на Третата македонска бригада „Ко челик сме ние“, за кој стиховите ги напиша писателот Ацо Шопов, борец во истата бригада. Роден е во Велес, во 1915 година.

2004. Умре американскиот државник Роналд Реган, претседател на САД од 1981 до 1989 година, кој во младоста беше филмски актер. По преселувањето во Холивуд во 1937 година, тој станува глумец и почнува да работи за неколку важни продукции. Како 40-ти американски претседател значително придонесе за ставање крај на ерата на студената војна со Советскиот Сојуз. Во својот прв мандат тој преживува еден атентат, но тоа нема да го предомисли или пренасочи во друг правец на размислување и делување, напротив тој ќе продолжи да ги реализира своите конзервативни политики, кои позитивно ќе влијаат врз економијата на САД.

Занимливости.

Пие кучешка урина бидејќи мисли дека е здраво

• Појавата на брчки и на акни на кожата се сериозен проблем за многумина. И додека некои издвојуваат цело богатство за кремови и за најразлични други козметички препарати, Лин Лу ваквиот проблем го решава со пиење урина од своето куче.

Оваа млада жена верува дека, доколку редовно ја пие урината од своето миленичe, многу подолго време ќе го задржи младешкиот изглед, ќе има мазна кожа и ќе го регенерира целото тело, бидејќи според неа тоа е многу здраво.

- Многумина постојано ме прашуваат како успевам да изгледам толку добро. Ова е мојата тајна - изјавила Лу на видеото што го објавила на социјалните мрежи, а на кое јасно се гледа како девојката пие урина.

– Фармацевтските компании ги подмитуваат политичарите за да ве убедат дека за ваше добро треба да купувате лекови. Сепак, лекот е сосема бесплатен. Урината од куче е лек против рак, за намалување на отечените зглобови, а помага и во намалувањето на депресијата



– заклучила таа.

Сепак, лекарите во никој случај не се согласуваат со неа. Напротив, според нив, оваа течност му прави сериозна штета на здравјето.

HBO



ПРОБИВ 18:00

06:00 Човек-пајак: Далеку од дома
08:10 Ледено доба 3
09:45 Престиж
12:00 ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ
14:10 Шазам!
16:25 Сирена III, еп. 1
17:10 Подобри работи IV, еп. 7
17:35 Одгледувачи, еп. 7
18:00 Пробив
20:00 Цет, еп. 3
20:55 Госпоѓа Америка, еп. 6
21:45 Во име на службата
23:25 Омразата што ја шириш
01:35 Црна крв

HBO 2



ИНСТАНТ СЕМЕЈСТВО 19:00

07:15 Статусот на Бред
08:55 Ужасни шефови 2
10:40 Затура: Вселенска авантура
12:20 Американска надеж, еп. 15
13:00 Потпретседателка V, еп. 8
13:30 Мапети
15:15 Гордост, предрасуда и имела
16:40 Луѓе во црно: Интернационала
19:00 Инстант семејство
21:00 Ужасни шефови 2
22:50 Колектив
00:40 Исчезнати и убиени во Атланта: Исчезнатите деца, еп. 5



ВО ИМЕ НА СЛУЖБАТА

РЕЖИЈА: Steven C. Miller
ДОЛЖИНА: 95 минути I 2019 год.
ЖАНР: Акција, Криминалистика
УЛОГИ: Courtney Eaton, Courtney Eaton, Dina Meyer, Jessica Lu

Подгответе се за интензивна акциска трка со времето во експлозивниот трилер „Во име на службата“ во кој игра Арон Екхарт. Филмот го следи дискредитираниот полицаец Френк Пени (Арон Екхарт) кој оди на опасна мисија за да ја најде грабнатата ќерка на шефот на полицијата (Џанкарло Еспозито). Додека шансите девојката да преживее се навистина мали, Пени прави фатална грешка и го убива мрднатиот грабнувач...

Избор од ТВ програма - ПЕТОК 5 јуни 2020



23:05 МТВ 1
Без излез
игран филм



21:00 КАНАЛ 5
Тажна жена
играна серија



21:05 24 ВЕСТИ
Женски рај
играна серија

МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

10:50 Димитрија Дичо Зограф - серија
12:30 Научен спектар
15:25 1000 години Охридска архиепископија - биографија на македонскиот дух
20:15 Преспав - серија
21:20 Пријатели - серија
21:45 Катуранди - серија
23:05 Без излез - игран филм

ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

11:05 Вин Вин – инфор. програма
12:35 Телма Амбуланта
13:30 Мртов агол – филм
16:15 Каменот на желбите - филм
17:45 Велвет – играна серија
19:15 ЕУРО ФОКУС – инфор. емисија
20:35 Аларм за кобра – серија
22:15 Табу – серија
23:15 Принцезите во животот - филм

СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10.00 Белата робинка - серија
11.20 Македонски стари приказни
12:10 Практична жена
15.30 Азра - серија
17:50 Се или нешто - квиз
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23:35 Првите - серија

КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

10:00 ВИП сезона рецепти
11:10 Зевзекманија
12:00 Фчерашни новости
12:45 Македонски приказни
18:30 Само вистина! - премиера
19:40 Ранети птици - премиера
21:00 Тажна жена - премиера
22:00 Забрането јаболко - премиера
01:00 Бекстеџ - естраден магазин

24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07:00 Очи в очи
08:00 Анализа
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај – серија
22:30 Вип на еден ден
23:15 Анализа

АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

07:00 Документарна програма
08:00 Нов ден - утринска програма
10:40 Држиме за рака – серија
11:15 Да готвиме со Алсат - емисија
15:30 Бескрајна љубов - серија
16:40 Попладне - емисија
19:45 Држиме за рака – турска серија
20:45 Мојата керќичка – турска серија
22:00 360 степени - со В. Попетревски

HBO



ПРЕДМЕТ 39 23:20

06:00 Шазам!
08:10 Ноќ во музејот
10:00 Измамнички
11:30 Божиќ во Гранд Вели
12:55 Чиракот на волшебникот
14:40 Сомнеж
16:25 Ќе ми простиш ли некогаш
18:10 Воени последици
20:00 ТЕ САКАМ, ЧОВЕКУ
21:45 Измамнички
23:20 Предмет 39
01:05 Соба за бегство
02:45 Радио-тишина
04:15 ТЕ САКАМ, ЧОВЕКУ

HBO 2



ЦЕКИ БРАУН 00:25

06:00 Мапети
07:45 Инстант семејство
09:40 Луѓе во црно: Интернационала
11:35 Автомобили
13:30 Една нација под стрес
14:40 Армагедон
17:10 Икс-мен почетоци
19:00 Бамблби
20:55 Знам дека ова е вистина
21:55 Големата, еп. 1
22:50 На орелски крилја
00:25 Цеки Браун
03:00 Студена планина



ТЕ САКАМ, ЧОВЕКУ

РЕЖИЈА: John Hamburg
ДОЛЖИНА: 100 минути I 2009 год.
ЖАНР: Комедија
УЛОГИ: Paul Rudd, J.k. Simmons, Rashida Jones, Jason Segel

Во „Те сакам, човеку“, новата комедија од сценаристот/режисерот Џон Хамбург („Дојде и Поли“, ко-сценарист на „Запознај ги родителите“, „Запознајте го семејството Фокер“, „Зулендер“), Питер Клејвен (Пол Руд) е успешен агент за недвижнини кој кога се вери со жената од своите сништа, Зои (Рашида Џоунс), открива, за своја несреќа, дека нема машки пријател кој му е доволно близок за да му биде кум.

Избор од ТВ програма - САБОТА 6 јуни 2020



14:50 МТВ 1
Заменети кучиња
филм



22:15 ТЕЛМА
Мостовите на Медисон
игран филм



20:35 СИТЕЛ
Сестри
играна серија

МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

10:25 Неделен магазин
12:00 Екобаланс
13:20 Музиката мојот живот
14:25 Пријатели на модата
14:50 Заменети кучиња - филм
17:45 Евросонг од дома
19:00 Зоки Поки - серија
20:15 Фреквенција - филм
23:25 Ескејп - Рум - филм

ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

11:20 Незадолжително
12:50 Телма Амбуланта
13:45 Чувари на плажата – серија
16:15 Код – информативен магазин
17:05 Велвет – серија
19:15 Магија на месечината – филм
21:10 Луѓе и места (Адвокат Јован Јовановски) - документарна програма
22:15 Мостовите на Медисон – филм

СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

07:00 Ја сакам Македонија
11:25 На граница - серија
14:15 Бонанца - серија
17:00 Мерак меана
18:00 Листа за 300 - квиз
19:45 Другото име на љубовта - серија
20:35 Сестри - серија
21:40 Полна месечина - серија
23.30 Приказни од самракот - серија

КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Избор на најдобри рецепти
08:20 Ние и вие
09:30 Ранети птици - репризa
11:45 Македонски приказни
13:15 Тажна жена – серија
18:30 Зевзекманија
19:40 Огледало – серија
20:00 Лото извлекување
20:15 Ѕвездите на Гранд

24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

11.00 Откриени тајни
13:00 Астрорум
14:35 Анализа
16:15 Ај не замарај! – серија
17:45 Во тек
19:00 Патот до успехот
21:00 Реј Донован – серија
22:30 ММ 1 Борби
22.30 Женски рај – серија

АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

10:45 Музика
11:15 Младите лидери - детска ем.
12:35 Скриена камера
15:15 1001 оброк - Готвачка емисија
16:35 Огледало на здравјето
17:10 Авто Магазин
19:40 Цена на љубовта – серија
21:10 Држиме за рака – серија
